ИНСТИТУТ ЗА ЕВРОПСКА ПОЛИТИКА - СКОПЈЕ

# ПРИРАЧНИК
## ЗА ОБУКА НА МЕДИЈАТОРИ ЗА ОБНОВУВАЊЕ НА ЗНАЕЊАТА ЗА МЕДИЈАЦИЈА

Изготвен во рамките на Проектот МАТРА „Поддршка за унапредување на имплементацијата на медијацијата во Македонија“ поддржан од Амбасадата на Кралството Холандија

д-р Зоран Вучев • Зоран Петковиќ • м-р Гордана Атанасова • Дивна Јанкова



јуни 2013 година

**ИНСТИТУТ ЗА ЕВРОПСКА ПОЛИТИКА - СКОПЈЕ**

# ПРИРАЧНИК ЗА ОБУКА НА МЕДИЈАТОРИ ЗА ОБНОВУВАЊЕ НА ЗНАЕЊАТА ЗА МЕДИЈАЦИЈА

***Изготвен во рамките на Проектот МАТРА „Поддршка за унапредување на имплементацијата на медијацијата во Македонија“ поддржан од Амбасадата на Кралството Холандија***


д-р Зоран Вучев, Зоран Петковиќ

м-р Гордана Атанасова, Дивна Јанкова



**јуни 2013 година**

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

347.965.42(497.7)(035)

ПРИРАЧНИК за обука на медијатори за обновување на знаењата за медијација / Зоран Вучев ... [и др.]. - Скопје : Институт за европска политика (ЕПИ), 2013. - 108 стр. ; 26 см

Публикацијата е во рамките на проектот МАТРА "Поддршка за унапредување на имплементацијата на медијацијата во Македонија". - Автори: Зоран Вучев, Зоран Петковиќ, Гордана Атанасова, Дивна Јанкова. - Библиографија: стр. 107

ISBN 978-608-4702-04-7
1. Вучев, Зоран [автор]
а) Медијација - Судски постапки - Македонија - Прирачници
COBISS.MK-ID 94142218

## Содржина

**Вовед** **7**

**ПРВА СЕСИЈА**

**1. Постапка за медијација - комуникациски вештини и целта на комуникацијата во медијацијата** **9**

1.1. Преговори 12

1.2. Завршување на постапка за медијација 14

**ВТОРА СЕСИЈА**

**2. Вештини кои треба да ги поседува медијаторот** **16**

2.1. Квалитети кои треба да ги поседува медијаторот 18

2.2. Играње улоги - групна дискусија за квалитети на медијаторот 20

**ТРЕТА СЕСИЈА**

**3. Модели на медијација** **25**

3.1. Негативни страни на медијацијата, која се води со еден медијатор 25

3.2. Негативни страни на медијацијата, која се води со еден комедијатор или повеќе комедијатори 28

**ЧЕТВРТА СЕСИЈА**

**4. Предности на медијацијата со комедијатор и можни процедури** **31**

4.1. Медијација со комедијатори и одделни средби на медијаторот со страните во спорот 32

4.2. Предности на медијацијата со комедијатор или повеќе комедијатори 33

4.3. Одделни средби на медијаторот со страните во спорот 34

**ПЕТТА СЕСИЈА**

**5. Категории на полномошниците во постапката за медијација (адвокати–бранители и други предвидени лица) и нивната улога** **39**

5.1. Лица коишто во согласност со законските прописи, можат да бидат полномошници во постапката за медијација 45

5.2. Предмети на медијација каде што двете страни во спорот имаат ангажирано полномошник (адвокати, бранители и други предвидени лица) и нивната улога 45
5.3. Предмети на медијација каде што едната страна во спорот има ангажирано полномошник (адвокати, бранители и други предвидени лица) и неговата улога 47
5.4. Предмети на медијација во кои двете страни во спорот немаат ангажирано полномошник (адвокати, бранители и други предвидени лица) 49

**ШЕСТА СЕСИЈА**
**6. Несоодветен начин на комуникација 51**

**СЕДМА СЕСИЈА**
**7. Видови на поставување прашања во фазата на преговори 59**
7.1. Отворени и затворени прашања 60
7.2. Линеарни прашања (кој, што, како, кога и зошто) 61
7.3. Рефлектирачки и хипотетички прашања 62
7.4. Стратешки прашања 62
7.5. Прашања за воспоставување добри релации 62
7.6. Циркуларни прашања 62
7.7. Прашања за преформулација 63

**ОСМА СЕСИЈА**
**8. Начини на завршување на постапката за медијација 64**
8.1. Завршување на постапка за медијација со склучување писмена спогодба за решавање на спорот меѓу страните 64
8.2. Завршување на постапката на медијација со писмена изјава на медијаторот 65
8.3. Завршување на постапката за медијација со писмена изјава на која било од страните на постапката до другите страни и медијаторот, доколку тој е избран 66

**ДЕВЕТТА СЕСИЈА**

**9. Видови спогодби и начинот на известување на надлежните органи коишто ги упатиле страните на медијација 67**

9.1. Спогодба за спорови пред поведување судска постапка 74

9.2. Спогодби во спорови на кои им се дава сила на извршна исправа, со солемнизација на содржината кај нотар 75

9.3. Спогодби во спорови кога Судот го усвоил предлогот на двете страни за прекин на постапката поради решавање на спорот со медијација и начин на известување на надлежниот суд 76

9.4. Спогодба и известувања на надлежните органи за медијација во кривични предмети со малолетници, во согласност со Законот за малолетничка правда 76

9.5. Спогодба и начин на известување на надлежниот суд за едијација во кривични спорови, во согласност со ЗКП 79

9.6. Предложени вежби од обучувачите за изготвување спогодби и известување до надлежниот орган 81

9.7. Прилог на теркови 82

**Користена литература 96**

## Вовед

Институтот за европска политика го спроведе проектот „Поддршка за унапредување на имплементацијата на медијацијата во Република Македонија“, чиј корисник е Министерството за правда. Проектот е поддржан од Амбасадата на Кралството Холандија во Република Македонија, во рамките на програмата МАТРА.

Во рамки на Проектот, меѓу другото, се спроведе обука за медијаторите регистрирани во Именикот на Комората на медијатори на Република Македонија. За таа цел се изготви и Прирачник по кој се реализираше обуката.

Обуката за медијатори се одржуваше два дена, од 12 до 13.5.2012 година, со вкупен фонд од 16 часови, во просториите на Филозофскиот факултет, при УКИМ во Скопје.

Програмата за обуката беше презентирана во 9 сесии. Програмата ги содржеше следните генерални теми: Постапка за медијација - комуникациски вештини и целта на комуникацијата во медијацијата; Вештини кои треба да ги поседува медијаторот; Модели на медијација; Предности на медијацијата со комедијатор и можни процедури; Категории на полномошници во постапката за медијација (адвокати, бранители и други предвидени лица) и нивната улога; Несоодветен начин на комуникација; Видови на поставување прашања во фазата на преговори; Начини на завршување на постапката за медијација; Видови спогодби и начинот на известување на надлежните органи коишто ги упатиле страните на медијација

Обуката ја спроведоа седум обучувачи од Република Македонија, вклучувајќи и еден обучувач од Центарот за управување со конфликти од Холандија.

Со цел поуспешно да се оствари обуката, како и да се остави пишан белег за спроведените активности, се изготви Прирачник за овој тип на пренесување на знаење.

Заслугата за подготовката на Прирачникот им припаѓа на неговите автори: д-р Зоран Вучев, Зоран Петковиќ - Бакли, м-р Гордана Атанасова и Дивна Јанковска:

- д-р Зоран Вучев - редакција, концепт, програма, интегрирање на материјалот и евалуациски прашалник
- Зоран Петковиќ - Бакли - петта, осма и деветта сесија
- м-р Гордана Атанасова - прва, втора и седма сесија
- Дивна Јанковска - трета, четврта и шеста сесија

Прирачникот е објавен на веб-страницата на Министерството за правда на Република Македонија и на Комората на медијатори на Република Македонија, со цел тој да биде достапен за сите заинтересирани страни, кои сакаат да го афирмираат вонсудското решавање спорови во нашата држава.

Министерството за правда на Република Македонија, како иницијатор на обуката, во соработка со Комората на медијатори на Република Македонија и Институтот за европска политика, ги имплементираше овие активности, во согласност со утврдениот Стратешки план, Програма за работа, Акцискиот план на овој орган на државната управа, со цел развивање на вонсудскиот институт на решавање спорови - медијација.

Министерството за правда на Република Македонија и Комората на медијатори на Република Македонија, изразуваат голема благодарност до Амбасадата на Кралството Холандија во Република Македонија, која целосно финансиски го поддржа Проектот во рамките на програмата МАТРА, и притоа овозможи да се реализираат овие активности.

## ПРВА СЕСИЈА

### 1. Постапка за медијација - комуникациски вештини и целта на комуникација во медијација

Медијацијата е вид алтернативно решавање на споровите, во кое по мирен пат со преговори на страните во спорот, во присуство на трета неутрална страна - медијатор, притоа декларирајќи ја ненасилноста во комуникацијата, толеранцијата и меѓусебното разбирање, се доаѓа до решавање на спорот со изнаоѓање решение кое е предложено и прифатено од двете (сите) страни во спорот. Притоа, сите страни да се чувствуваат како победници, што ќе доведе до подобрување на односите за во иднина, со веќе воспоставената комуникација. Медијацијата ја надополнува судската постапка и може да започне како алтернатива на судската постапка.

*Медијаторот* е лице кое има завршено обука за медијатор, доброволно е избран од страните во спорот, поседува квалитети и вештини да им ја олесни комуникацијата на страните и да им помогне самите да дојдат до решение, без право тој да предлага или да наметнува решенија.

Започнувањето, текот и завршувањето на медијацијата се одвива во фази кои се надоврзуваат една на друга, притоа медијаторот обезбедува примена на следниве принципи на медијација:

1. Доверливост; 2. Рамноправност; 3. Непристрасност; 4. Неутралност;

5. Транспарентност; 6. Правичност; 7. Ефикасност; и 8. Ефективност.

Страните кои се во спор, доколку претходно ги исцрпиле можностите сами да изнајдат решение, можат по предлог на едната, другата или двете страни да се сложат нивниот спор да се реши по пат на медијација.

Доколку во првостепената судска постапка за одредени видови спорови, судијата утврди дека спорот е погоден да се реши по пат на медијација, на страните може да им ја препорача таа опција. Страните откако доброволно ќе одлучат нивниот спор да се решава по пат на медијација, можат да одберат медијатор од Именикот на медијатори. Доколку не можат да се согласат за изборот на медијатор, тогаш судијата тоа го прави во нивно име. Процесот на медијација може да почне од денот кога страните во спорот во писмена форма се согласиле дека ќе учествуваат во медијацијата, а потоа лично, односно Судот ќе го извести медијаторот дека е избран за медијатор во дадениот спор.

Медијаторот иницира средби со страните во спорот, кои на почетокот вообичаено се одделно со секоја страна, а потоа ги закажува во согласност со

одлуката на двете страни. Притоа се договара времето и местото на заедничка средба, на кои медијаторот ги добива првичните информации за позициите на страните на спорот, како и за нивното видување на спорот. При првиот директен контакт со страните, медијаторот треба да утврди дали страните се согласни да пристапат на медијација и дали имаат желба да се реши спорот.

Двете страни ги изнесуваат своите видувања за спорот, а при излагањето медијаторот треба да обезбеди еднаква и рамноправна комуникација, како и да ги поттикне на активно слушање.

Личниот пристап на медијаторот ја детерминира целата атмосфера во која ќе се одвива медијацијата. Затоа, медијаторот треба да биде пред сè:

- трпелив;
- добар слушател;
- да знае да поставува соодветни прашања;
- да поседува комуникациски вештини: вербални и невербални, односно да испраќа сигнали со телото (како климање со главата, соодветен израз на лицето, рацете да не се прекрстени, со телото наведнат нанапред);
- да ги повторува, и парафразира клучните изјави на страните;
- да го сумира изјавеното.

За конструктивна атмосфера во која ќе се анализира спорот, се идентификуваат прашањата за кои страните имаат заеднички став, како и прашањата кои се спорни, со цел да се дојде до одредени заеднички ставови кои понатаму можеби ќе евалуираат во решенија. За да се избегнат нови конфликтни ситуации во комуникацијата и нивна ескалација, медијаторот треба да има способност да започне:

- разговор на одредена тема;
- да го поттикнува разговорот меѓу страните во спорот;
- да ја контролира динамиката на комуникацијата;
- да помогне страните подобро да се разберат;
- да создаде атмосфера за преговарање, изнаоѓање решенија и надминување на спорот.

Медијаторот мора да поседува вештина за *активно слушање,* а тоа ќе го покаже (презентира) со неговото држење, така што со своето тело треба да биде свртен кон другата личност, наведнат нанапред, рацете и нозете да не бидат прекрстени, и да го гледа соговорникот во очи.

Активното слушање е значајно во процесот на медијација, особено во процесот на истражување и преговарање, затоа што со него се доаѓа до

информации кои можат да бидат од круцијално значење за решавање на спорот. Со активното слушање може на страните во спорот да им се помогне да го идентификуваат проблемот. Преку активно слушање им се потврдува на страните дека тие се подеднакво важни за медијаторот, како и нивните проблеми, со цел тие да стекнат доверба во медијаторот, а тоа овозможува тие отворено да ги изнесат своите спорни моменти за спорот.

Може да се каже дека медијаторот активно слуша, кога се исполнети следните услови: кога манифестира смиреност во процесот на медијација; и кога ќе ги ослуша страните до крајот на нивното излагање, притоа да не ги манифестира неговите лични емоции.

Во текот на *истражувањето* медијаторот не треба да остане на почетните позиции на страните, да го прифати тоа што страните го кажуваат без да истражи што стои во сржта на спорот, потребно е да се движи од нивните позиции кон идентификување на нивните интереси.

Споровите настануваат кога интересите на страните се спротивставени, но спорот може да се прошири, да се продлабочи, да доведе до насилна и непријателска комуникација, воведување и други страни во него, така што сето тоа ќе доведе до прикривање на вистинската причина поради која настанал спорот. Во една таква ситуација како што е спорот, страните кои се полни со негативни емоции, со недоверба еден кон друг, ги прикриваат нивните вистински потреби. Медијаторот треба да направи анализа на спорот за да ги открие позициите кои ги заземаат страните, интересите и нивните вистински потреби. Со медијацијата се создава атмосфера на доверба, се олеснува комуникацијата, се отстрануваат различните перцепции и се идентификуваат заедничките потреби, односно се „копа” до срžта на потребите.




**Слика 1.**



## 1.1. Преговори

Страните во процесот на преговарање мораат да исполнат одредени услови и да бидат запознаени со некои правила, кои ќе придонесат за конструктивно решавање на спорот, и тоа:

- да бидат искрени во намерата да се надмине спорот;
- да бидат при комуникацијата отворени, да го слушаат соговорникот;
- да ги уважуваат потребите на соговорникот;
- да бидат подготвени да го идентификуваат и да го дефинираат изворот на конфликтот;
- јасно да кажат зошто им е важно да се надмине конфликтот;
- да не се бара кој е крив;
- да се држат до темата;
- да не навлегуваат во конфликти од минатото и да не се повикуваат на искуства од минатото;
- да покажат желба за прифаќање промени, еластичност, одлучност и стрпливост.

Преговарањето содржи три актери: медијатор, двете страни во спорот, односно преговарачи, но можно е да има и повеќе страни вклучени во спорот. Медијаторот мора постојано да ги контролира и да ги насочува страните во текот на процесот на преговарање, во кој тие ги изнесуваат своите ставови, потреби и интереси, со цел да дојдат до решение. Крајниот производ од преговарањето, може да резултира во постигнување решение, кое ќе биде прифатливо за сите или да не се постигне решавање на спорниот однос.

*При процесот на преговарање потребно е:*

- страните јасно да ги искажат своите потреби (потребна вештина асертивност);
- да се слуша другиот и да се разберат какви се неговите потреби (вештина: активно слушање, парафразирање, техника на поставување прашања, „јас“ говор);
- да се идентификуваат точките во кои страните се согласуваат;
- точките во кои постои разлика помеѓу страните, да им се презентираат на страните за да станат и тие свесни за тоа;
- страните да даваат решенија, и треба да се понудат што повеќе решенија (браинсторм) кои во оваа фаза не се вреднуваат. Треба да им се напомене на страните дека во оваа фаза целта е да се понудат што повеќе опции за решавање на спорот, но двете страни треба да прифатат една која подеднакво ќе ги задоволи нивните потреби и интереси.

При преговарањето потребно е да се користи „Јас“ говор, кој води кон разбирање и поврзување, додека „Ти“ пораките водат кон недоразбирања и судири. Преку оваа техника секогаш се зборува за себе, во свое име, но тоа што се кажува се однесува на соговорникот, а притоа се изразуваат своите чувства, потреби и интереси, но без да се обвинува или критикува другиот. Со „Јас“ говорот секогаш го изразуваме своето сфаќање за нешто што другата страна го кажала или направила, но притоа таа да не го сфати тоа како напад врз неа. „Јас“ говорот се употребува кога кај соговорникот се забележува (перцепира) нешто во неговото однесување што на другата страна ѝ пречи (пример на „Јас“ е: „Јас гледам дека“); следната ситуација е кога нешто чувствуваме во врска со однесувањето на другиот (пример: „Јас сега се чувствувам...“); кога треба да се изразат потреби или желби (пример: „Јас имам потреба...“); и во ситуација кога се изразува барање („јас сакам...“).

При преговарањето медијаторот мора да е активен, да го поттикнува размислувањето кај страните, да иницира дискусија и внесување нови идеи, да се интересира за различните можности или опции на решавање на спорот. Притоа треба да се служи со правилно поставени прашања, кои на страните ќе им помогнат да размислат дали се исправни нивните ставови, дали ја разбираат суштината на проблемот и дали нивните очекувања се реални, односно дали предложената опција е реално остварлива.

Медијаторот преговорите може да ги пренасочи кон конструктивни теми, и тоа преку:

- нормализирање на застојот во преговорите, односно да ја олесни и да ја подобри комуникацијата;
- избегнување конфликти;
- преформулирање на речениците кои се погрешно разбрани;
- парафразирање на она што дотогаш е кажано, со цел да ја намали напнатоста во текот на проговорите;
- воспоставување патишта кон подобро разбирање.

*Исходи на преговарањето:*

1. Победа - пораз:

Пристапот на натпреварување кој го користат страните, кои спорот го сфаќаат како борба да се победи, односно да се добие предност во однос на другата страна. Ваквите преговарачи сметаат дека тие се секогаш во право, сите останати информации се ирелевантни, нестрпливи се во дијалогот, а нивниот пристап е: „На мој или на ничиј начин“. Ваквиот пристап го



карактеризира настојувањето да се постигнат целите, отколку да се задржат и да се подобрат релациите меѓу страните.

2. Пораз - пораз:

Повлекување на двете страни кои го избегнуваат спорот, односно тие се откажуваат од своите цели кои сакале да ги постигнат, и го одложуваат решавањето на спорот, притоа тврдејќи дека спор не постои. Со вакво преговарање само привидно се одложува спорот, но секогаш постои опасност тој да ескалира.

3. Победа - пораз:

Компромис е преговарање во кое преку барање отстапки, двете страни постигаат компромис со тоа што се откажуваат од нешто, односно доаѓа до поделба на интересите, пришто делумно се задоволуваат интересите на двете страни.

4. Победа - победа:

Соработка која доведува до решение кое е последица на истражување, идентификување на разликите помеѓу страните, создавање алтернативи и опции, како и изнаоѓање решение кое подеднакво ги задоволува потребите на двете страни.

## 1.2. Завршување на постапка за медијација

Постапката на медијација може да заврши успешно, кога страните одбираат решение со кое двете страни ќе се чувствуваат како победници. Треба да се провери дали двете страни го прифаќаат решението, и дали сметаат дека со тоа решение ќе се реши конфликтот. Кога ќе го изберат она решение за кое сметаат дека е најдобро, и кога двете страни ќе се согласат дека со него подеднакво се задоволуваат нивните потреби и интереси, потребно е избраното решение да се потврди со пишана заемна спогодба. Спогодбата ја пишуваат страните во спорот или медијаторот, по нивно барање. За видовите содржина, кај различните видови спорови, може да се види во сесиите во наредните делови од Прирачникот.

Постапката на медијација може да заврши и неуспешно, во следните случаи кога:

- медијаторот ќе констатира дека натамошни обиди за медијација не се оправдани и со негова писмена изјава ќе ја прекине постапката од денот на поднесување на изјавата;
- страните во која било фаза од постапката ќе одлучат таа да се прекине, без да ги наведат причините. Страните ја прекинуваат постапката на

медијација со писмена изјава, од денот кога ја поднесуваат до медијаторот или до медијаторот и до другата страна;

- ќе помине рокот во кој треба да заврши постапката на медијација во согласност со законот;
- судот со решение ќе ја укине постигнатата спогодба кај медијаторот, доколку смета дека спогодбата е незаконска и неподобна за извршување.



## ВТОРА СЕСИЈА

### 2. Вештини кои треба да ги поседува медијаторот

Медијаторот има пресудна улога за текот и успехот на процесот на медијација, без оглед на тоа какви преговарачи се страните во спорот. Затоа со право, во земјите во кои е развиена медијацијата се посветува голема важност на континуираните обуки на медијаторите. Медијаторот треба да остави добар прв впечаток, со кој ќе стекне доверба кај страните во спорот, а тоа ќе го постигне ако на пример: се потруди да ги запомни имињата на лицата во спорот; при разговорот колку што е можно почесто да користи афирмативна комуникација; да користи соодветни пофалби, охрабрувања и одобрувања што страните во спорот се решиле да го решат по пат на медијација, на пример: „Ви благодарам што дојдовте...“

Медијаторот треба да поседува вештина за *комуникација*. Комуникација е процес на себеизразување, на говорникот, но и слушање на тоа што соговорникот сака да го каже. Кога зборуваме за вештини во комуникацијата, кои придонесуваат таа да биде ефективна, една од вештините е да се ставиме на местото на другиот (другата страна), а тука често се употребува фразата: „да влеземе во чевлите на другиот“. За медијаторот ова е една од најважните вештини кои треба да ги поседува, бидејќи таа ќе му овозможи да добие увид во состојбата во која се наоѓа соговорникот, со што подобро ќе се запознаат неговите потреби и интереси.

Вештина за добра комуникација е да не *се монополизира* разговорот, односно:

- да им се даде простор и на другите страни да го изразат своето мислење;
- да се слуша соговорникот со интерес и да се „држи“ до темите кои се поврзани со неговите проблеми;
- да се биде флексибилен, да се следат новите насоки на разговорот, а не круто да се држи до една тема и упорно да се враќа на неа;
- да се зборува на ниво кое одговара на слушателите, да не се употребуваат стручни зборови, доколку знаеме дека тие нема да бидат разбрани од слушател(ите)от;
- да не се употребуваат во говорот карактеристики или гестови кои иритираат, како: „мислам“, „знаеш“ ,,така?,, или постојано да се гестикулира со раце, играње со очилата, со пенкалото и слично.

Медијаторот мора да поседува вештина за активно слушање, за која веќе наведовме погоре во Прирачникот. Она што треба да го избегнува медијаторот е „лошото“ слушање, кое може да биде и *пасивно слушање*, кога

во моментот на зборување на страните, медијаторот е присутен само физички и не го восприема тоа што страната го зборува, така што отсутно потврдува со: „аха!“, „да“, „така е“. Пасивно слушање претставува и *селективно слушање*, кога медијаторот го слуша само тоа што го интересира, притоа незнаејќи однапред која информација ќе му биде корисна, па постои можност тоа што е значајно за решавање на процесот, едноставно да не се регистрира.

*Лошо слушање* е и постојано прекинување на соговорникот и завршување на неговите реченици, при што постои опасност да му се припишат на соговорникот зборови кои тој немал намера да ги каже.

Медијаторот треба да има вештина на *асертивност*, но истата вештина треба да ја поттикне кај страните во спорот. Асертивност е:

- способност да се почитуваш себеси, а да не се понижуваат другите;
- да се изразат и да се реализираат своите потреби и интереси;
- да се остварат своите права, но на мирен и одлучен начин, а не со агресивно однесување и на штета на другиот;
- да се биде спремен за разговор;
- да се има способност позитивно да се влијае на другите и да се настојува да се открие што е најдобро за страните, а не која страна е во право.

Асертивната личност своите ставови ги искажува јасно и недвосмислено, а при комуникацијата максимално ги избегнува конфликтните ситуации.

Вештина да *резимира*, што значи во кратки црти да направи преглед на тоа што е дотогаш кажано, со што на соговорникот му дава можност да го потврди тоа што тој го изнел дека е така, а доколку не е, да се даде можност за подобро објаснување. При резимирањето се употребува прашањето: „Ако добро ве разбрав, вие рековте...?“;

*Парафразирањето* е исто така вештина која се употребува при активното слушање, со која на соговорникот му потврдуваме дека го слушаме и дека го разбираме, така што медијаторот со свои зборови го повторува тоа што соговорникот го кажал.

Медијаторот во текот на постапката на медијација користи и вештина на *сублимирање*, односно сето тоа до моментот што му е изложено на соговорникот, медијаторот го рекапитулира со набројување на клучните тези, така што подолгото излагање го прераскажува во пократки црти.

Со вештината на *преобликување*, медијаторот на едната страна го прераскажува тоа што го кажала другата страна, така што таа да може да го разбере, а тоа се постигнува со промена на говорот, неупотреба на стручни изрази, странски зборови, сленгови и слично.



## 2.1. Квалитети кои треба да ги поседува медијаторот

Медијаторот посакувано е да биде личност кој е свесен за себе и за своите способности, самокритичен, свесен за своите емоции, способен тие да ги контролира, да биде трпелив и да биде толерантен.

Медијаторот треба да има извесен кредибилитет кој ќе биде изграден на основа на неговиот авторитет, позитивни особини и систем на вредности, морални норми, углед и доверба, а кои можат да бидат видливи преку професионалноста, знаењето, примена на еднаков пристап кон страните, и разбирањето на нивните потреби, без да ги осудува.

Медијаторот треба да поседува *емпатија*, а оваа способност значи да ги препознава емоциите кај страните, способност да се поистовети и да сочувствува со нив, да ги уважува нивните чувства, мисли и состојбата во која се наоѓаат. Тој треба да е способен да ги прифати емоциите на страните, да им овозможи полесно да ги искажат или да ги изразат своите чувства, да не се осудуваат нивните емоции, но да се труди да го намали нивниот интензитет. Емпатијата која ќе ја манифестира медијаторот, на страните им помага да се смират, да се опуштат, и придонесува да се создаде атмосфера на доверба и отворање на страните за дискусија, како и подготвеност да се соочат со проблемот.

*Почитување на личноста, како и подеднакво почитување на страните и нивно прифаќање*, доведува до рамноправен и партнерски однос меѓу соговорниците, кој обезбедува долготрајна и стабилна комуникација.

Медијаторот со својата *кретивноста* ги поттикнува страните проблемот да го разгледаат од повеќе страни и аспекти, со што ќе имаат можност да генерираат повеќе ефективни опции за негово решавање.

*Професионализмот* на медијаторот во процесот на медијацијата подразбира да се покаже афинитет, заинтересираност, одговорност, способност да го води и да го контролира процесот, како и да се воспостави соодветна љубезна и професионална дистанца.

Посакувано е да има и *смисла за хумор*, кој ќе го применува во умерени граници со цел да ја отстрани напнатоста и да создаде пријатна и опуштена атмосфера. Понатаму, медијаторот треба да е *неутрален*, да овозможи на двете страни да ги изразат своите погледи, ставови и забелешки, а притоа да води сметка постапката да биде поедноставна и неформална. Неутралноста може да се наруши доколку медијаторот изнесува свои решенија, советува, критикува, осудува, и манифестира чудење за постапките на едната или на другата страна.

Во текот на постапката медијаторот треба да биде *флексибилен и приспособлив*, односно *еластичен*. Треба да има способност во секоја фаза

на постапката да ја *следи состојбата на страните*, и да го забележува *говорот на телото* на страните, односно невербалната комуникација, со која страните во спорот можат да му дадат корисни информации за тоа што чувствуваат, кога се чувствуваат непријатно или загрижено, и слично.

Во текот на процесот на медијација, медијаторот треба да манифестира *самоувереност* и тој да го води и да управува со процесот, во спротивно, доколку страните ја почувствуваат неговата несигурност ќе доминира едната или другата страна, а може да се случи едната од нив да го преземе управувањето со процесот, тргнувајќи од своите интереси. За да може медијаторот успешно да го води процесот, тој треба уште на самиот почеток на медијацијата, во воведниот дел, да постави одредени *правила*, односно страните меѓусебно да се почитуваат, да не се прекинуваат при говорењето, да се слушаат итн., и ќе настојува во текот на процесот, страните да се придржуваат до правилата. Медијаторот успешно ќе го управува процесот доколку создаде позитивна атмосфера и ја стекне довербата на страните и ги поттикне на разговор, а притоа на двете страни да им даде еднаква можност да се искажат и да воспостави рамнотежа на силите во спорот. Да ги поттикне страните да ги препознаат своите потреби, кои се скриени под позициите и интересите, сами да размислат за можните решенија на спорот и дали се реално остварливи таквите предлози. За цело време на процесот медијаторот треба да биде *сконцентриран и насочен* кон решавање на спорот, но доколку констатира дека процесот на медијација не води кон решавање на спорот, треба да ги информира страните дека можат во секој момент да го прекинат процесот или тој самиот да даде изјава дека натамошните обиди за медијација се неоправдани.

Медијаторот треба да биде *инвентивен*, што значи отворен за најразлични решенија, да има способност спорот да го гледа од различни аспекти, и тоа да го поттикне кај страните, да најде решение за излез од безизлезна позиција во која може да се најде во процесот на медијација, исто така да биде приспособлив на нови креативни текови во медијацијата.

Медијаторот им помага на страните во спорот да постигнат спогодба која еднакво е прифатлива од двете страни, но тој не дава правни совети или предлози за решавање на спорот, туку страните сами доаѓаат до решението. Во фазата на *генерирања решенија*, медијаторот може да ги запишува предлозите дадени од засегнатите страни, сè до фазата на постигнување спогодба. Потоа, вообичаено на *завршната средба,* усно да го презентира договорот до кој тие дошле, а страните имаат уште една можност да предложат промени доколку има отворени прашања, или да потврдат дека го прифаќаат постигнатиот договор и тој да се преточи во спогодба, под услови кои тие самите ги одределе.



## 2.2. Играње улоги - групна дискусија за квалитетите на медијаторот

Групата се дели на 4 подгрупи, на кои им се поставува задача да смислат сценарио за следниве четири спора:

- страните ја прекинале комуникацијата поради невратена позајмица од 30.000 денари;
- при развод на брачните другари се води спор за еден стан и кому да му припадне, на мажот или на жената;
- спор настанат поради физичка пресметка помеѓу две момчиња;
- возач кој со своето возило го удрил невнимателниот пешак, нанесувајќи му лесни телесни повреди.

Секоја група треба да има време по десет минути да ги подели улогите, да го презентира сценариото со играње улоги, кое исто така ќе трае десет минути, и да спроведе процес на медијација. При обидот спорот да се реши со помош на медијација, треба да се употребат сите вештини на медијаторот, како во вербалната така и во невербалната комуникација, како активно слушање, „јас“ пораки итн., кои се изнесени од страна на обучувачите во текот на презентацијата.

Потоа се отвора групна дискусија за тоа што е забележано во текот на обидите за решавање на четирите спорови со помош на медијација. Поточно, за тоа кои вештини ги презентираше медијаторот во постапката?

Вежби - четири можни сценарија:

### Прва вежба

- Предмет на медијација: двајца колеги кои нужно мора да соработуваат, бидејќи се членови на менаџерски тим во јавно претпријатие, а ја прекинале комуникацијата поради невратена позајмица од 30.000 денари.

*Вежбата ја изведуваат:*

- медијатор;
- колегата Раде;
- колегата Миле.

*Сценарио:*

Раде во февруари на својот колега Миле, од менаџерскиот тим, му позајмил 30.000 денари, при што со усен договор се договориле позајмицата да му ја врати најдоцна до крајот на април, бидејќи тие пари Раде ги собирал

за летен одмор со неговото семејство, а за таа цел требало до средината на месец мај да ги уплати во туристичка агенција. Бидејќи според усниот договор, Миле не ги вратил парите во периодот, на Раде му поминал рокот да уплати во туристичката агенција, а со тоа му пропаднала шансата за одмор. Поради тоа, Раде бил многу лут и ја прекинал комуникацијата со неговиот колега Миле, а со тоа трпела работата во јавното претпријатие.

*Податоци за оштетениот Раде:*

- Раде бил семеен човек, на возраст од 45 години.

*Интереси на Раде:*

- враќање на позајмицата од 30.000 денари;
- извинување од колегата Миле, што поради неговата неодговорност му пропаднал одморот со неговото семејство.

*Податоци за Миле:*

- Миле бил самец на возраст од 30 години, кој оформувал свој дом, односно градел куќа, и со помало работно искуство.

*Интереси на Миле:*

- да воспостави комуникација со Раде, бидејќи со прекинот на комуникацијата стагнира работата и нема да даде резултати, со што постои опасност да му се намали платата, или да добие отказ, а на Миле му е неопходно редовно да зема личен доход за да ја доврши изградбата на куќата.

*Заеднички интереси:*

- Да се нормализира комуникацијата помеѓу колегите, што е битен фактор за функционирање на менаџерскиот тим, со што ќе се избегне опасноста да им се намали личниот доход или да ги изгубат работните места.

## Втора вежба

- Предмет на медијација - спор кој настанал со разводот на бракот помеѓу Катерина и Дамјан, при поделба на заеднички стекнатиот имот, спорна точка им е станот.

*Вежбата ја изведуваат:*

- медијатор;
- сопругата Катерина;
- сопругот Дамјан.

Сценарио: Катерина и Дамјан спогодбено се разведуваат, децата на возраст од 4 и 9 години ќе живеат со мајката, во куќата на родителите на Катерина. Станот во кој живееле поранешните брачни партнери, а кој го купиле со заеднички парични средства, Катерина сака нејзе да ѝ се додели за да го издава под закуп, со цел да обезбеди дополнителни парични средства за одгледување на децата. Дамјан, исто така, сака



станот нему да му се додели, бидејќи нема друг стан или куќа, па доколку станот се додели на поранешната сопруга Катерина, тој ќе мора да го напушти и да живее во стан под закуп, и да плаќа наемнина, а исто така ќе плаќа и алиментација на децата.

*Податоци за Катерина:*

- жена на возраст од 32 години, со средна стручна спрема, вработена во маркет.

*Интереси на Катерина :*

- самохрана мајка која има минимален личен доход, со издавање на станот под закуп сака да обезбеди дополнителни средства во интерес на децата.

*Податоци за Дамјан:*

- маж на возраст од 32 години, со висока стручна спрема, вработен во приватна фирма, со солидни лични примања.

Интереси на Дамјан:

- има потреба станот да му припадне нему, бидејќи нема друг стан или куќа за живеење, за не му се одлеваат приходите за плаќање наемнина за стан под закуп.

*Заеднички интереси:*

- интересот на децата, да обезбедат приходи со кои ќе ги задоволат нивните потреби;
- да ги сочуваат добрите односи и комуникација, исто така во интерес на децата.

## Трета вежба

- Предмет на медијација: спор настанат поради физичка пресметка помеѓу две момчиња.

*Вежбата ја изведуваат:*

- медијатор;
- момчето Стефан;
- момчето Филип.

Сценарио: Стефан и Филип подолг период чувствуваат и манифестираат нетрпеливост еден кон друг. Една вечер се среќаваат во кафуле, при што Стефан вербално го провоцира Филип. Филип, не можејќи да го контролира гневот предизвикан од провокациите, физички го напаѓа Стефан со тупаници по лицето, и притоа му нанесува лесни телесни повреди и му ги крши очилата.

*Податоци за оштетениот Стефан:*

- момче на возраст од 23 години, членува во кошаркарскиот клуб „Колибри“, на спортските терени кога неговиот клуб игра против клубот на Филип, често тие двајца влегуваат во меѓусебни „дуели“.

*Интереси на Стефан:*

- надомест на материјалната штета, за скршените очила, како и за штетата што ја предизвикале во кафулето.

*Податоци за Филип:*

- момче на возраст од 22 години, членува во кошаркарскиот клуб „Глобал“, на спортските терени кога неговиот клуб игра против клубот на Стефан, често ги губат натпреварите.

Интереси на Филип:

- јавно извинување од страна на Стефан.

*Заеднички интереси:*

- воспоставување повторна комуникација;
- воспоставување порелаксирани и поконструктивни односи во иднина;
- избегнување судска постапка.

## Четврта вежба

- Предмет на медијација: спорот настанал кога возачот со своето возило го удрил невнимателниот пешак, притоа нанесувајќи му лесни телесни повреди.

*Вежбата ја изведуваат:*

- медијатор;
- возачот Марија;
- пешакот Јован.

*Сценарио:* Јован се обидел да ја помине улицата на необележан пешачки премин, при што Марија, која возела со неприспособена брзина на возилото, го удрила Јован со возилото и му нанела лесни телесни повреди.

*Податоци за оштетениот Јован:*

Јован е на возраст од 57 години, вработен, со минимален личен доход.

*Интереси на Јован:*

- да му се надоместат трошоците за лекарските прегледи кои ги извршил по сообраќајната незгода.

*Податоци за Марија:*

Жена на возраст од 35 години, сопственичка на приватна фирма која самостојно ја управува.

*Интереси на Марија:*



За неа „времето е пари“, и никако не сака да губи време во долги судски постапки.

*Заеднички интереси:*

- брзо и ефикасно решавање на спорот;
- избегнување на долгите судски постапки.

# ТРЕТА СЕСИЈА

## 3. Модели на медијација

Постојат повеќе модели на посредување, односно повеќе начини според кои процесот на медијација ќе се одвива. Основни начини на водење на процесот на медијација се:

1. медијација во која учествува еден медијатор;
2. медијација во која учествуваат два или повеќе медијатори.

Поради учеството на еден или повеќе медијатори во процесот на медијација, може да се појават одредени генерални потешкотии. Ниту во еден случај од горespоменатите не можеме да кажеме дека медијацијата може да се одвива без одредени потешкотии. Не постои идеална варијанта, сите можни варијанти на водење на процесот на медијација, имаат свои предности и негативни страни.

### 3.1. Негативни страни на медијацијата, која се води со еден медијатор

Овој модел на водење на процесот на медијација, има свои недостатоци, како на пример: кога медијаторот ќе наиде на застој во процесот на медијација и наишол на лична блокада заради субјективни причини.

*Причина за ова можат да бидат:*

- Преокупираност со себе, понекогаш сме преокупирани со моменталната состојба во која се наоѓаме заради некој проблем, тогаш мислиме само на таа содржина која лично нас нè интересира;
- Кога самата тема претставува нешто многу важно и за самиот медијатор, поради тоа комуникацијата на медијаторот може да се манифестира со силни емоции;
- Нашиот став во однос на спорниот предмет може да се разликува во однос на ставот на личноста со која сме во контакт, што може да доведе до одредени конфронтации;
- Доколку сме под влијание на некои силни впечатоци кои ги преминуваат можностите за концентрација за содржината која ја слушаме;



- *Физичките (надворешни) услови* да не овозможуваат активно слушање. Надворешни временски услови и во просторијата (студ или претопло), можат да бидат пречка за процесот на медијација;
- Кога има голема *врева* во околината, а медијаторот е сам и не може да го остави процесот кој е започнат за да излегува да ги опомене оние кои надвор ја прават вревата;
- *Недостиг на време* да се продолжи процесот, кога имаме закажано друг состанок или некаде брзаме, сонливост, глад и др., а нема кој да не замени и да продолжи;
- *Невербалните пораки* многу зборуваат за чувствата и размислувањата на личноста која е пред нас во процесот на медијација. Треба да се направи обид да му се објаснат на лицето кое самото може да биде несвесно за нив;
- Вербалните информации кои ги добиваме и невербалните пораки да бидат неусогласени, односно да добиваме различни сигнали. Во такви случаи подобро е да се потпреме на невербалните знаци, односно „на тоа што го гледаме, а не на тоа што го слушаме“, но оваа примена зависи од личноста која е во процесот на медијација. Треба да бидеме сигурни дека навремено сме ги забележиле неусогласените информации, и доколку еден медијатор го води процесот, тогаш тој не е во состојба да ги следи ваквите информации кај двете страни истовремено, и поради тоа може да испушти важни пораки кои му се значајни во медијацијата;
- Јазикот кој се користи во комуникацијата. Особено во ситуација во кои е зголемено негативното емоционално реагирање кое понекогаш го блокира когнитивното функционирање. Многу е важно во ваквите ситуации да ве разбираат страните во спорот, бидејќи само така можете да се напредува во процесот;
- Доколку имаме страни во спорот од различна, како и од иста националност, но зборуваат со различен јазик. Многу е важно да се употребуваат двата јазика во комуникацијата во текот на процесот на медијација. Доколку медијаторот сам не може да снајде, треба да пронајдете комедијатор кој го зборува другиот јазик. Доколку се користи само едниот јазик, може да се случи едната страна да се почувствува фаворизирано, а другата запоставено, и тогаш се нарушува довербата

кон медијаторот, бидејќи тој претставува неутрална страна во процесот на медијација.

Медијаторот треба да направи обид да го заштити психичкиот и физичкиот интегритет на личноста вклучена во спорот, како и нејзината приватност. Психичката заштита подразбира поддршка на личноста во процесот, во смисла на препознавање, бидејќи не е лесно да се биде во иста просторија со лица со кои сме во конфликт и кон кои имаме, веројатно, многу негативни емоции и кои ги сметаме за непријатели. Во тој случај нашиот тон, став, како и прифаќање на емоциите, претставуваат заштита на процесот.

Физичката заштита подразбира евентуално да предвидиме и можност на физички контакт (напад), поради карактеристиките на личностите кои се во конфликт, и поради ова треба добро го осмислиме не само процесот него туку и самиот простор во кој ќе се одвива медијацијата. Ако е потребно страните треба да седат оддалечени една од друга, или во почетокот да се работи со нив преку одвоени средби. Медијаторот треба да може кога е сам да обезбеди заштита на страната која е нападната од другата страна во спорот, и да ја смири страната која е агресивна, бидејќи доколку е сам, медијаторот тешко ќе може да се справи со вакви повремени или непредвидени ситуации.

Медијаторот во текот на самиот процес би требало да остане неутрален и да не дозволи проблемот на едната страна да влијае на него. Меѓутоа, доколку оваа одредница ја дефинираме како релативно лесно остварлива, ни останува прашањето за другата. Дали е навистина можно да медијаторот во секој момент биде неутрален, и да не дозволи гледиштето на едната од страните да влијае на него? За ова е потребно да се поседува голема самосвесност за ризиците во кои може да се вовлече медијаторот, доколку не одржува рамнотежа во процесот на медијација.

Дали е воопшто можно и во секојдневниот живот да ги дефинираме улогите и однесувањето на медијаторот. Доколку на пример, слушнете едната страна во конфликтот е понижувана, повредена, дали е можно да не сочувствувате со неа, а да не развиете чувства на емпатија кон таа личност (позитивни чувства). Вообичаено медијаторот не може сам да го забележи тоа во процесот на медијација, но страните кои се спорат се пречувствителни на ваквиот однос.

## 3.2. Негативни страни на медијацијата, која се води со еден комедијатор или повеќе комедијатори

*Во овие ситуации на водење на процесот на медијација, може да се појават повеќе негативни страни во практиката:*

- конфликтот поради конкуренцијата меѓу двата медијатори може да направи посредувањето да биде потешко;
- комедијацијата може да одземе подолго време од медијацијата со еден медијатор, бидејќи медијаторите треба да се договорат за нивните улоги и задачи;
- страните во судирот би можеле да се поделат во однос на преферирањето стилови на пристап кај медијаторите;
- треба да се води сметка за тоа кој постои меѓу самите медијатори, дали се познаваат еден со друг, дали претходно соработувале, дали можеби постои конкуренција помеѓу нив и слично;
- кое е предзнаењето, искуството, или слабоста на медијаторите;
- за кој тип конфликт се работи и помеѓу кои страни (подредени, надредени и како тие се чувствуваат во решавањето вакви конфликти;
- ако комедијаторите не се компатибилни партнери и немаат направено план за ефективна тимска работа, тие ќе ги изгубат потенцијалните придобивки на работа во пар или тим;
- ако медијаторите не можат лесно да се видат еден со друг во процесот на медијација, а со тоа и меѓусебната комуникација како тим е потешка;
- седењето рамо до рамо ги држи двата медијатори во „линија на огнот“. Тогаш ги избегнуваме забуните, преклопувањата, а понекогаш и компетенцијата и недоразбирањата кои можат да настанат, посебно доколку медијаторите не се познаваат;
- страните може да се обидат да се поделат во освојување на посредувањето преку фокусирање на посимпатичниот медијатор за нив, наместо да се фокусираат на изнаоѓање на заедничките интереси и решавање на спорот;
- медијаторите кои работат во пар или со повеќе комедијатори, може да се двоумат да преземат потези кои кога би работеле сами би ги направиле. Ова може да резултира во тоа медијаторот да прави на себе прекумерна автоцензура, која може дополнително да го фрустрира.

Да резимираме: доколку медијаторите чувствуваат непочитување, или големо ограничување во посредувањето, имаат различни визии за целите на процесот, или немаат план за нивните задачи и улоги, се соочуваат едни со други, тогаш комедијацијата може да биде полошо решение, отколку да се настапува како медијатор кој е сам во процесот. Деликатна задача претставува усогласувањето на еден дисфункционален или на неподготвен тим медијатори, и ова може да претставува недостижен или голем предизвик со кој ќе треба да се соочат медијаторите.

**Петта вежба: сценарио - „Сашо и Ненад“**

Сашо купил стан во зграда на втори кат, кој бил последен спрат во тој објект. Станот го купил со намера таванскиот простор да го адаптира и да го спои со постојниот стан што го купил. Еден станар од заедницата на станари во зградата, Ненад, кој имал стан под тој на Сашо, дал согласност за изведување надградба. По добиената согласност и другата потребна документација, Сашо започнал со изведување градежни работи. Работите ги изведувал во попладневните часови и доцна навечер, бидејќи претпладне бил работно ангажиран во една банка.

За изведувањето на работите ги ангажирал своите пријатели и други двајца мајстори кои биле стручно обучени за изведување такви зафати. Ненад го толерирал тоа што активностите се изведувале во попладневните часови и доцните вечерни часови, и не му правел проблеми на својот комшија Сашо во изведувањето на овие градежни зафати. Меѓутоа, кога работите дошле до завршната фаза, настанало пукање на ѕидовите на станот под Сашо. Ненад, отишол кај Сашо и му кажал за проблемот кој настанал, пробувајќи да се договорат. За време на увидот во станот на Сашо, соседот Ненад констатирал дека градењето не се изведувало со блокови ципорекс, туку со блокови гитер, кои се многу потешки од првите, зашто предвидената статика на зградата не била предвидена за таков вид градежен товар.
Поради новонастанатата ситуација се определиле спорот да го решат во постапка со посредување на медијација.

**Комуникација на соседите кај медијаторот**

**Сашо:** „Не е можно да е дојдено до пукање на ѕидовите поради моите работи. Дојдено е до слегнување, потонување на зградата од причина



што зградата е стара, и секако би дошло до оваа ситуација и јас да не градев. Имам добиено градежна дозвола и сета документација за изведување на работите.“

**Ненад: „**Јас видов под малтерот на ѕидовите дека тие не се со светла боја, туку црвена, што укажува дека работите не се изведени со блокови ципорекс за коишто си добил градежна дозвола, а статиката на конструкцијата на зградата укажува дека зградата не може да ја издржи таа количина на материјал и поради тоа е настанато пукање на ѕидовите на зградата.”

**Сашо:** „Јас не сум имал информации за тоа од кој материјал се извршените работи. Надзорникот беше задолжен за набавка на материјалот, а покрај мајсторите јас ги ангажирав и своите пријатели да помагаат на мајсторите. Сиот материјал кој е купен, се вклопи во цената која е одредена за изведување на овие работи“.

**Ненад:** „На мене не ми преостанува ништо друго, туку до надлежната Општина да поднесам жалба дека работите и адаптацијата на таванскиот простор не се изведени во согласност со добиените одобренија и дозволи, и дека не си градел во согласност со постоечката документација. Ќе ти поднесам кривична пријава и ќе покренам управна постапка, а ти ќе мораш да ги срушиш досега изведените градежни работи, кои си ги извршил спротивно на документацијата за која си добил одобрение“.

**Сашо:** „Ти мислиш дека со закани можеш да ме уцениш за да ти дадам пари. Јас да имам пари не би ѕидал, би си купил стан со соодветна квадратура, па со тоа би го решил својот станбен проблем. Ти сакаш да ги злоупотребиш своите права, затоа што живееш во стан под мојот и што си ми дал соодветна согласност, но во меѓувреме си се покајал, бидејќи не ги доби парите кои ги очекуваше“.

**Белешка за заеднички интерес:**

Ниту Сашо ниту Ненад не се сигурни што го предизвикало пукањето на зградата, ниту се сигурни како би можел да заврши судскиот спор. Ненад нема пари за трошоци за адвокат, а претпоставува дека е вграден потежок материјал отколку што е во документацијата, бидејќи дошло до пукање на зградата, а свесен е и дека зградата во која живеат е стара.

*Групна дискусија*

## ЧЕТВРТА СЕСИЈА

## 4. Предности на медијацијата со комедијатор и можни процедури

*Предностите* на медијацијата во која има повеќе од еден медијатор, можат да бидат многустрани. На пример, покрај тоа што можат да се дополнуваат еден со друг, тие можат и да ги поделат улогите во текот на самата работа. Потоа, доколку еден од медијаторите се блокира, тука е другиот кој може да го преземе процесот. Исто така, тие можат да ја евалуираат и да ја супервизираат поединечната работа, како и да ги изложат индивидуалните перцепции за случаи, изложениот проблем, и др.

Една од предностите на ваквиот начин на работа е различноста во начинот и стилот на работа, како и разликата во самата вештина која медијаторите ја поседуваат. Еден медијатор може да има извонредни вештини за слушање, а другиот може да биде одличен во дефинирањето на проблемите и децентрацијата.

Доколку медијаторите имаат мало искуство и штотуку започнуваат со кариерата како посредници, би било добро да се користи овој модел. Ова е големо олеснување, во смисла медијаторот со помало искуство да биде поопуштен во текот на процесот на медијација.

На овој начин процесот се завршува побргу, бидејќи може да има еден медијатор кој го контролира, а друг кој го води процесот на медијација. Бројот на одржаните медијации, кои се изведени во ист момент, може да биде поголем, бидејќи истовремено можат да се одржат поголем број медијации, и др.

*<u>Можни процедури во овој вид медијација:</u>*

При утврдување на *процедурата* за избор на партнер, како и тим за изведување на медијацијата, треба да се води сметка за неколку работи:

- доколку работите во мултиетничка средина, треба да се води сметка медијаторите да бидат од различни етнички заедници, да се води сметка за јазикот на кој зборуваат, посебно кога се во прашање спорови кај националните заедници, и притоа треба да се води сметка и за половата и возрасната застапеност;

- во работа со двете страни истовремено.

Ваквата практика и насоки за работа во постапката за медијација со комедијатори, во обид да се искористат потенцијалните предности на комедијацијата, е поради минимизирање на ризикот од настанување на потенцијални штети. Да резимираме накратко што треба да се направи претходно:

- Да се избере партнер со слична визија со цел за посредување и компатибилен во стратегиите за извршување на медијацијата;
- Да се дадат лидерски улоги на комедијаторите;
- Стратешки да се користи местото на одржување на средбите со страните во спорот, за да се максимизира можноста за успех;
- Да се доделат специфични задачи на секој медијатор, со цел да се направи медијацијата што е можно повеќе ефикасна и продуктивна;
- Да се усвои принципот на неконкурентност меѓу медијаторите во постапката на медијација;
- Да не се заборава да се консултира со другите медијатори пред да направи каква било важна одлука во постапката;
- Да се биде флексибилен;
- Комедијаторите да си даваат меѓусебна поддршка.

## 4.1. Медијација со комедијатори и одделни средби на медијаторот со страните во спорот

Кога климата меѓу страните во конфликтот е исклучително компетитивна поради високиот степен на присутни тензии, непријателски чувства и недоверба, наведените фази во посредувањето можат да се спроведуваат на малку поинаков начин. Во таква ситуација неопходно е медијаторот да се среќава со конфротираните страни на издвоените средби, каде сесиите се организираат издвоено, со секоја страна посебно. Тоа може да се случува за време на целиот процес на посредување или само повремено, во текот на одделните фази. Во зависност од тоа, условите и текот на постапката за поедини случаи го налагаат овој начин на организирање на средбите на медијација со спротивставените страни.

Така на пример, за да ги дефинираат спорните прашања, медијаторот може да се сретне со секоја страна посебно, со цел да ја ислуша и да ја разбере, за да може да ги идентификува и преформулира спорните прашања во нивниот конфликт. Во случаите кога во одредени фази дошло до заедничка средба со двете конфронтирани страни, медијаторот може да оцени дека е неопходно со секоја од страните да се сретне и посебно, доколку се сомнева дека страните не се подготвени сите спорни моменти отворено да ги изнесуваат еден пред друг. Притоа, се разбира, информациите до кои дошол на ваквите средби не смее да ги изнесува пред двете страни, освен ако за тоа добил дозвола.

Предлагањето можни решенија од страна на конфронтираните страни, може да се одвива во издвоени средби. Кога не може да се создаде погодна атмосфера за заедничка средба со двете страни, медијаторот ги пренесува решенијата предложени од едната на другата страна кои меѓусебно се во конфликт. Притоа се труди, барем за изборот на крајното решение на спорот, да ги доведе страните на заедничка средба. Посредувањето завршува тогаш кога постигнатата согласност медијаторот ќе ја подготви во пишана форма, која страните ќе ја потпишат, откако ќе го верификуваат секој дел од неа.

Кај овој вид медијација, во зависност од бројот страни кои се спорат, постапката на издвоени средби на медијација можат да ја водат повеќе медијатори, со секоја од спротивставените страни.

## 4.2. Предности на медијацијата со комедијатор или повеќе комедијатори

*Можат да се забележат повеќе предности кај овој начин на водење на постапката за медијација, помеѓу спротивставените страни во спорот, и тоа:*

- Се зголемува трпението и упорноста на медијацискиот тим, преку споделување на товарот во постапката, со цел да се биде на линија во процесот;
- Се прави рамнотежа помеѓу посредувачкиот тим (медијаторите) поради разновидната профилна застапеност на медијаторите (на

пример: машки и женски, македонец и албанец, адвокат и социјален работник итн.);

- Обезбедување позитивен модел за спротивставените страни, ефективна комуникација, соработка и интеракција помеѓу себе во процесот на медијација;
- Зголемување на издржливоста и толеранцијата кон страните кои се длабоко спротивставени со силни чувства, а преку овој начин на водење на медијацијата им се дава поголема перспектива за надминување на нивните спротивставувања;
- Може да се дозволи со еден медијатор да се ризикува, додека со другите медијатори кои се на располагање да се дојде до продолжување на процесот за медијација и евентуално надминување на спорот;
- Се постигнува поголема ефикасност со поделба на задачите помеѓу медијаторите;
- Се постигнува заемно учење и збогатување на знаењата на медијаторите, кои имаат корист од работата едни со други;
- Се подобрува самоувидот, слушањето помеѓу себе на медијаторите, кои можат да потекнуваат од различни средини, професии и етнички заедници.

## 4.3. Одделни средби на медијаторот со страните во спорот

*Често се наметнува прашањето, на пример: - Зошто да се водат одделни средби на медијаторот со страните во спорот?*

Кога имаме одвоен состанок со спротивставените страни, тие зборуваат индирекно една со друга, преку медијаторот. Ние претпоставуваме дека во првиот момент не треба или не смееме да ги споиме страните, бидејќи можеме да наидеме на застој во процесот на медијација, односно ќе наидеме на лична блокада. Имено, потребно е да ги одвоиме страните во спорот поради природата на самиот конфликт во кој се искажуваат премногу силни негативни емоции, кои тешко би се контролирале на првиот состанок. Како и во ситуации кога забележуваме дека одржувањето заеднички состанок е контра-продуктивно, заради зголемената недоверба меѓу страните, тогаш може

да се предложи одржување одвоени состаноци со секоја страна посебно.

На пример, едната страна е повлечена, притоа ѝ треба време за да се опушти, да се отвори и да почне да зборува. Тогаш можеме во почетокот да ѝ дадеме можност да го изнесе своето видување, работејќи само со неа, т.е. со сите страни одвоено.

Доколку сакаме да се консултираме со медијаторскиот тим, а притоа не сакаме да направиме пауза меѓу две средби.

Во ситуациите кога сакаме да направиме преусмерување на процесот на постапката може со страните да закажеме одвоени средби. Доколку процесот појде во непосакуван правец, како што сме планирале или сакале, можеме на одвоените состаноци да се вратиме во претходната насока, полезна за процесот.

Тоа што е важно да се нагласи, кога го користиме овој начин на работа, е страните да мораат да знаат од самиот почеток дека со нив работиме одвоено, а потоа дека приватноста на податоците е потполно загарантирана. Ова повлекува дека нема да ги пренесуваме информациите на другата страна во спорот и што е кажано во текот на медијацијата (страните ќе бидат во можност да ги разменат ставовите и гледиштата на првиот заеднички состанок), освен во случај доколку страните се сложат да се постапи поинаку.

Одвоените средби со страните не мора да се применуваат само на почеток на процесот на медијација. Напротив, понекогаш можеме да започнеме со работа со двете страни, подоцна, доколку забележиме дека постои потешкотија во самиот процес, тогаш привремено може да се одвојат страните и да се работи со нив одвоено.

Кога страните ќе ги вратиме на заедничка средба, треба да водиме сметка да почнат да разговараат директно една со друга, а не тоа да го прават преку медијаторот, како кога сме имале одвоени состаноци.

Да резимираме дека не треба секогаш да се инсистира на ваков начин на водење на постапката на медијација, а поедини медијатори го користат ваквото раздвојување поради полесен пристап во работата со спротивставените страни, бидејќи можат да се јават сомнежи и недоверба, посебно во случај на основен проблем кога е поврзан за недоверба помеѓу страните во спорот.



- Шеста вежба: сценарија - Наум и Соња Стоилковски

- **Наум Стоилковски**

- Наум и неговата сопруга Соња работат блиску еден до друг, и секое утро се возат заедно на работа. Но, излегувањето од дома секое утро полека почнува да станува извор на голем конфликт.
- Соња никогаш не е подготвена навреме. Наум секогаш навреме е подготвен и постојано негодува, чекајќи ја да се подготви.
- Наум секогаш сака да дојде на работа малку порано за навреме да го почне денот. Наум мисли дека работниот ден треба добро да се испланира, и смета дека тоа подобро се прави пред канцеларијата да биде преполна со луѓе, отколку подоцна.
- Секојпат кога се подготвуваат да излезат од дома, Соња оди наоколу и прави работи кои можат да се направат подоцна. Кога Наум ќе се обиде да ѝ каже дека навистина би сакал да излезе Соња навреме, таа се револтира и започнува да се расправа.
- Наум тоа што секој ден мора да стои надвор и да ја чека Соња и да доцни на работа поради неа, го прави повеќе нервозен. Тие двајцата редовно се расправаат околу оваа ситуација. Сега засега, можат да имаат само еден автомобил, а одењето со автобус е премногу долго.
- Овие расправии почнаа да влијаат и на другите сфери од нивното заедничко живеење. Додека порано им се радуваа на заедничките викенди, сега се расправаат неколку дена порано за тоа, уште пред да тргнат.
- Токму вчера „пукна“ една таква расправија. Наум толку многу се разлути, што едноставно „излета“ од дома.
- Денес Наум има можност да зборува за тоа со Соња на средба за медијација.

- **Соња Стоилковска**

- Соња и нејзиниот сопруг Наум работат блиску еден до друг и секое утро заедно се возат на работа.
- Излегувањето од дома, секое утро, полека станува извор на голем конфликт. Секое утро, откога Наум ќе се подготви, почнува да ја прекорува и да ја брза, бидејќи предолго се подготвува за да излезе на работа.
- Соња не сака никој да ја брза, а уште помалку некој да ѝ зборува секое утро на висок тон за да појде на работа.

- Соња покрај тоа што се подготвува за излегување на работа, се обидува да среди нешто околу куќата, за да не биде толку растурено кога ќе се врати од работа.
- Додека Соња се труди да го постигне сето ова, Наум само се туфка наоколу, не прави ништо, не ѝ помага, постојано негодува дека уште не е готова.
- Соња веќе е многу гневна на неговото нетрпение и непочитување. Ниту Соња сака да доцни на работа, а впрочем секогаш тргнуваат навреме за да не задоцнат. Тие двајцата редовно се расправаат околу оваа ситуација.
- Сега засега, можат да имаат само еден автомобил, а одењето со автобус им е премногу долго.
- Овие расправии почнаа да влијаат и на другите сфери од нивното заедничко живеење. Додека порано им се радувале на заедничките викенди, сега се расправаат неколку дена порано, уште пред да тргнат.
- Токму вчера „пукна“ една таква расправија. Наум толку многу се разлути, што едноставно „излета“ од дома.
- Денес имаат можност да зборуваат за тоа на средба за медијација.

- **Седма вежба: сценарио - „Семејна зграда“**

**Вид спор:** меѓусоседски конфликт (недоразбирања). Во спорот се вклучени повеќе актери, кои имаат различно видување за една иста работа. Тие се со место на живеење на три улици, кои ги дели еден комунален неуреден простор. Соседите имат различни приоритети и потреби, и видувања како да се реши овој проблем.

*Вклучени актери во спорот:*

1. **Г-ѓа Марина Шарковска**, воспитувачка во блиската детска градинка на ул. Осогово 1. Многу добро знае колку на децата им е потребен простор за игра и едвај чека неуредениот простор да се преуреди во убаво детско игралиште.
2. **Г. Марко Јовановски** живее на приземје во зграда на ул. Осогово 1. Неговиот прозорец е ориентиран кон неуредениот простор и му прави неудобност и непријатност што е таков, зашто насекаде има грмушки и ѓубре. Тој мисли дека убаво би било да биде мало паркче. Г. Марко слушнал дека се зборува за уредување на детското игралиште и му се чини дека тоа е многу подобро отколку да остане како сега.
3. **Г-ѓа Милица Новакова**, професорка по англиски јазик. Живее на ул. Осогово 1, а во станот и доаѓаат ученици поради приватни часови. На г-ѓа

Милица и пречи вревата што доаѓа однадвор, исто така ѝ е непријатно што некои од нејзините ученици мораат да поминат преку овој неуреден простор.

**4. Г. Петар Картовски**, офицер во пензија и живее на ул. Осогово 2. Тој сака ред и мир, едвај дочека да ја добие заслужената пензија за да се одмори од војничката врева. Г. Петар не е многу радосен на детските игри, и мисли дека секогаш тие создаваат многу врева. Тој мисли дека би било подобро да седат дома и да учат. Му пречи просторот пред зградата што е неуреден, мисли дека би било убаво децата да се организираат и да засадат некое цвеќе.

**5. Г. Иван Гароски**, трговски патник. Живее на ул. Осогово 2. По цел ден е на работа, а кога навечер се враќа дома, толку е уморен што едвај чека да заспие.

**6. Г. Мирко Панков**, писател живее на ул. Осогово 2. Од прозорецот гледа на неуредниот простор, но му одговара што е најчесто тивко, може во мир да пишува. Никако не му се допаѓа идејата да се направи детско игралиште, поради вревата што оттаму ќе доаѓа.

**7. Г-ѓа Зора Кировска,** домаќинка. Таа и сопругот живеат на ул. Осогово 2, сами се и немаат деца. Нејзиниот сопруг е малку пргав, често им вика на децата, но е добродушен. Г-ѓа Зора многу ги сака децата, и ѝ причинува задоволство да ги гледа кога си играат. Жали што просторот позади зградата е неуреден, а децата се играат таму бидејќи е многу загадено.

8. **Г-ѓа Светлана Гавриловска,** професор по клавир во музичко училиште на ул. Осогово 3. Двапати неделно држи часови попладне, а нејзиниот син Милан, ученик во второ одделение, има часови само наутро. Бидејќи неговиот татко често работи попладне, го води и Милан со себе. На г-ѓа Светлана многу ѝ е жал што е сам, но не му дава да си игра на неуредениот простор со децата поради ѓубрето кое е присутно таму. Таа смета дека ако го преуредат овој простор во детско игралиште, тоа би било идеално.

***Бидејќи соседите не можат да се договорат помеѓу себе, решиле нивниот спорен однос да го решат во постапка на медијација.***

Групна дискусија

## ПЕТТА СЕСИЈА

### 5. Категории на полномошниците во постапката за медијација (адвокати, бранители и други предвидени лица ) и нивната улога

Ако страните во постапката за медијација се физички лица, нивното присуство во текот на постапката е задолжително. Од друга страна, кога страните се правни лица, тогаш во постапката тие ги претставуваат законските застапници или од нив ополномоштени полномошници.

Од друга страна, во согласност со Законот за медијација, аналогно на член 80, став 1, од законот за парнична постапка и член 81, став 1 и 2 и член 83, став 1 и став 2 од Законот за облигациски односи, произлегува дека страните можат да ги преземаат сите дејства и преку полномошник.

Во горенаведениот случај, полномошникот мора да има специјално полномошно овластување за постапката на медијација.

Аналогно на член 80 од Законот за парнична постапка, медијаторот по сопствена оценка ќе може да ги повика и страните лично да се изјаснат и покрај изјаснувањето на нивниот полномошник.

Во постапката за медијација, страните може да имаат полномошник. Полномошник во постапката за медијација може да биде само лице предвидено со Законот за парнична постапка. Во согласност со член 81 од Законот за парнична постапка, полномошник може да биде само: адвокат, лице - дипломиран правник, кое со страните е во работен однос и роднина по крв по хоризонтална линија (брат, сестра или брачен другар). Во согласност со член 82 од Законот за парнична постапка, ако вредноста на предметот на спорот надминува 1.000.000,00 денари, полномошник на правното лице може да биде: адвокат и лице кое е дипломиран правник, со положен правосуден испит и кое е во работен однос со правното лице. Исто така, според член 406 од Законот за парнична постапка, за спорови од работен однос, полномошник на работникот може да биде адвокат или лице - дипломиран правник, кое е во работен однос во синдикатот чиј член е работникот или во Сојузот на синдикатите во кој е здружен Синдикатот



чиј член е работникот (но и во овој случај важи лимитот за вредноста на предметот, во согласност со член 82 од Законот за парнична постапка). Ако полномошното овластување се дава на лице кое не е адвокат, тогаш мора да биде заверено на нотар.

Страните го издаваат полномошното овластување писмено или усно на записник пред медијаторот.

Странката која е неписмена или не е во состојба да се потпише на писмено на полномошното овластување, наместо потпис става отпечаток од показалецот.

Одредбите од ЗПП во однос на полномошниците, се применуваат соодветно во постапката за медијација.

Медијаторот не смее да дозволи во постапката за медијација, како полномошник да се јавува лице, кое не е овластено во согласност со ЗПП, бидејќи според член 381а од КЗ, неовластено давање правна помош за награда е санкционирано како кривично дело - надриписарство.

Подолу повеќе ќе се осврнеме на:

*А) Улогата на полномоштен - адвокат во медијацијата;*

*Б) Адвокатот – медијатор;*

*В) Предности и недостатоци во постапките за медијација, каде што страните имаат, односно немаат полномошници.*

**А) Улогата на полномоштен - адвокат во медијацијата**

Застапување во медијација

Современиот адвокат не е само правник. За да ги задоволи најдобрите интереси на клиентот во спорот, адвокатот мора да има повеќе инструменти во својот инвентар, одошто законот, за да ги утврди и да ги примени најдобрите средства за решавање на спорот.

Современата дејност на адвокатот е исправена пред две крупни прашања, и тоа:

1. Како да се утврдат најдобрите начини за решавање на спорот?
2. Како да се обезбеди најдобрата поддршка за клиентот откако ќе се утврдат најдобрите начини за решавање на спорот?

За да се одговори на **првото прашање,** треба претходно да се одговори на следното прашање: - Кој вид решавање на спорот одговара

за овој клиент и за овој проблем? За да утврди на кој начин треба да се реши одреден проблем, адвокатот не треба само да има познавања од законот. Мора да знае и какви можности лежат во натамошните преговори, во медијацијата.

За да ја донесе најдобрата одлука, адвокатот мора да има стекнато основни вештини на тие методи, дали преку обука, искуство или, уште подобро, преку двете.

Тоа значи дека адвокатот мора да инвестира време и енергија за со својот клиент да ги разгледаат основните постулати на спорот и сите релевантни аспекти и околности на случајот. Се разбира, тоа се однесува на сите начини на решавање на спорот. *За еден адвокат е фрустирачки да се соочува со нови факти откако инвестирал голем труд во судската постапка, во медијацијата и/или во преговорите. Најчесто, за тоа е виновен самиот адвокат: очигледно, во случајот на тој конкретен клиент било потребно дополнително испитување за да се утврдат сите потребни елементи на спорот на клиентот.*
Во текот на претресувањето на спорот со клиентот, адвокатот мора да покаже афинитет и кон другите аспекти на спорот, освен законските. Мора да ги утврди интересите и емоциите, а во стопанските случаи и деловните аспекти и другите околности, кои не се директно релевантни за законското решение, но се од голема важност за клиентот.

Решавањето на тие проблеми мора да доведе до реално решение, при што законското решение може да претставува само еден дел од него.

**Кај второто прашање,** кое гласи: - Како да се обезбеди најдобрата поддршка за клиентот, откако ќе се утврдат најдобрите начини за решавање на спорот? Очигледно е дека однесувањето на адвокатот во текот на судската постапка мора да се разликува од тоа во текот на медијацијата. Кај медијацијата, тој му ја нуди поддршката за клиентот, но самиот клиент е најактивниот учесник. Најдобриот начин да му се помогне на клиентот да го претстави својот случај, е да му се дадат сите релевантни податоци, за да може да се сконцентрира на аспектите кои се од најголемо значење за него.

Друга задача на адвокатот е да му помогне на медијаторот да ја започне комуникацијата меѓу страните во спорот. Тоа може да го постигне преку укажување на другата страна дека е корисно да се сослуша неговиот клиент, затоа што овој има сопствено видување за



спорот. Кај судската постапка, изнесувањето аргументи се одвива во вид дебата, преку нагласување на силните страни на клиентот и слабите страни на другата страна, за да му се помогне на судијата да пресуди. Пристапот во медијацијата треба да биде подипломатски: медијаторот не е тој што треба да биде убеден во разумноста на клиентот (затоа што тој не одлучува), туку другата страна во спорот.

Медијацијата, во која адвокатите на двете страни во спорот се во состојба да ги убедат своите клиенти да ги сослушаат аргументите на другата страна, е веќе половина успешна. Доколку не се дојде до спогодба, страните барем ќе ја имаат таа сатисфакција дека ја сослушале и другата страна (најчесто за првпат).

Друга важна задача на ангажирани(те)от адвокат(и) кај страните во спорот, е одвреме навреме да ја проценува(ат) позици(ите)јата на своите клиенти во текот на медијацијата и да ги споредуваат незаконските аспекти на неговите/нивните интереси, кои тој сака да ги постигне со неговите изгледи во вообичаена судска постапка.[1]

На крајот, се разбира, адвокатот има важен удел во формулирањето на спогодбата и надзорот над спроведувањето на обврските на другата страна, кои произлегуваат од спогодбата.

**Б) Адвокатот-медијатор**

Белешка: Улогата на адвокатот како медијатор, сосема е различна од неговата обврска како адвокат-полномошник во постапката за медијација!

По однос на ова прашање можат да се јават две потешкотии (замки) и тоа:

*1. Практична замка*

„Адвокатот-медијатор, како правник, е навикнат да го оправдува својот клиент и да одлучува заедно со (а во некои случаи и за) него". Како медијатор, токму тоа не треба да го прави.

---

*[1] Ова не треба да биде примарен мотив и интерес на адвокатот, кој е ангажиран, од страна на клиентот, како полномошник да учествува во постапката на медијација. Тој треба да ги штити интересите на својот клиент поевтино и со помалку ангажирано време да го реши спорот, а би се пристапило/продолжило во судска постапка, доколку со медијацијата не може да се избалансираат интересите на својот клиент во однос на другата страна или се бараат несразмерни обештетувања за спорниот момент. Доколку на адвокатот му е примарно да го однесе предметот од медијација во судска постапка, тогаш се доведува во прашање, чиј бил примарниот интерес на адвокатот или на клиентот кој тој наводно го штител?*

Според ова, за адвокатот во улога на медијатор е од витално значење да биде ефективно обучен да се префрла од советување на олеснување на процесот на комуникација помеѓу двете страни.

*2. Етичка замка*

Може да се постави прашањето дали медијацијата е практицирање на правото?

Доколку е така, адвокатот-медијатор може да извлече корист од законските привилегии, како што е доверливоста на податоците.

Меѓутоа, може да има случај во кој медијацијата сосема се разликува од практицирањето право, затоа што медијаторот не дава (законски) совети, како што е случај со практицирањето во правото.

Следниот став го заземаат оние кои нагласуваат дека најголем дел од медијациите се случуваат „во сенка на законот“. „Прашањето дали медијацијата претставува занимавање со адвокатура или не, не е теоретско прашање како што можеби изгледа, а во некои држави адвокатот може да извршува медијаторска дејност, заедно само со други практичари на законот, како што се нотари и даночни советници, но не и ,на пример, со сметководители (категорија на професионалци чија дејност не е практицирање на правото)“.[2]

Понатаму, друго прашање може да биде дали истовремено одредено лице може да биде адвокат и медијатор?

Во некои држави, исклучиво адвокатите можат да практицираат право, што значи дека медијаторот кој не е адвокат, го прекршува законот.

Конечното прашање е дали медијаторот може да дејствува како правен советник на една од страните по завршувањето на медијацијата? Во перцепцијата на другата страна, тоа може во ретроспектива да создаде впечаток дека медијаторот бил пристрасен, затоа што (во очите на таа страна) тој знаел дека може да очекува надомест од другата страна. Ваквиот став априори, може да биде сосема неточен, зашто предметот може да бил доставен до другата страна откако медијацијата веќе била завршена, а важна е

[2] Во конкретниот случај, Република Македонија, за вонсудското решавање на споровите (по пат на медијација), се одлучи за модалитет кој преовладува во многу други земји во светот (со одредени варијации), и вака законски дефинираниот институт - медијација, дава свој практичен придонес во олабавување на судските системи во овие земји, и поголема практичност помеѓу страните кои се нашле во некој вид спор.



перцепцијата на засегнатата страна. Според тоа, одредени правила на медијацијата забрануваат прифаќање предмети за една од страните во медијацијата во текот на одреден период, на пример, една година по завршувањето на медијацијата.

Би сакале да се осврнеме малку и на прашањето: - *Дали медијацијата претставува закана за адвокатската професија?*

Се разбира дека не!

Секогаш ќе има доволен број спорови кои треба да се решат на суд. Освен тоа, постои доволно работа за адвокатите и додека им даваат поддршка на клиентите во процесот на медијација. Според тоа, адвокатите не треба да стравуваат дека советувањето во медијација ќе ги оштети во смисла на намалени часови платена работа. Се разбира, со постигнувањето спогодба во медијацијата се исклучува натамошната судска постапка во жалба до Врховниот суд и назад до надлежниот суд. „Меѓутоа, прашањето е со кој начин на решавање на спорот повеќе ќе се усреќи клиентот?“ Почесто, клиентите се задоволни со брзо решение и тие ги шират вестите за тоа до други потенцијални клиенти кои доаѓаат со нови предмети.

Медијацијата претставува предизвик за современиот адвокат и отвора нови можности за креативно решавање на споровите и за адвокатот, неговиот клиент, адвокатот на другата страна и за неговиот клиент. Накусо, ситуација во која добиваат сите!

**В) Предности и недостатоци во постапките за медијација, каде што страните имаат, односно немаат полномошници**

Во предметите, во коишто страните немаат ангажирано полномошници, меѓусебната комуникација, вообичаено, е отежната. Ова се должи на вообичаено нарушените односи, кои довеле до спорен однос. *Исто така, во ваквите случаи, недостасува разбирање за реалните права и обврски на страните, како и во одредени случаи (не во сите), способности и вештини за изготвување вакви спогодби.* Посебно кога се работи за комплицирани имотно-правни и други спорови, коишто бараат правно и друго стручно знаење. Доколку страните во спорниот однос би имале полномошници (особено доколку се од правната струка), ваквиот однос, во овие случаи, полесно ќе може да оствари комуникација, бидејќи полномошниците можат подобро да ги проценат интересите на своите клиенти. Полномошниците можат особено да бидат од помош на страните во однос на изготвување на

спогодбата, којашто со нивна помош ќе биде составена со стручен речник, разбирлива и лесна за реализација. Имено, смислата и основната цел на полномошниците во постапката за медијација, е сето претходно наведено.

## 5.1. Лица коишто во согласност со законските прописи, можат да бидат полномошници во постапката за медијација

Во согласност со законот за медијација, страните можат да имаат полномошник. Тоа може да биде само лице кое е предвидено со Законот за парнична постапка. Во согласност со член 81 од Законот за парнична постапка, полномошник може да биде само: адвокат, лице - дипломиран правник кое со страните е во работен однос и роднина по крв по хоризонтална линија (брат, сестра или брачен другар). Во согласност со член 82 од Законот за парнична постапка, ако вредноста на предметот на спорот надминува 1.000.000,00 денари, полномошник на правното лице може да биде: адвокат и лице кое е дипломиран правник со положен правосуден испит, и кое е во работен однос со правното лице. Исто така, според член 406 од Законот за парнична постапка, за спорови од работен однос, полномошник на работникот може да биде адвокат или лице - дипломиран правник кое е во работен однос во синдикатот, чиј член е работникот или во Сојузот на синдикатите во кој е здружен синдикатот, чиј член е работникот (но и во овој случај важи лимитот за вредноста на предметот, во согласност со член 82 од Законот за парнична постапка). Ако полномошното овластување се дава на лице кое не е адвокат, тоа мора да биде заверено на нотар.

## 5.2. Предмети на медијација каде што двете страни во спорот имаат ангажирано полномошник (адвокати, бранители и други предвидени лица) и нивната улога

*Полномошникот (се мисли на кој било полномошник кој е предвиден со закон, во понатамошниот текст ќе го користиме овој термин) во постапката за медијација игра важна улога, и тоа :*

- кај медијацијата, полномошникот е водач и поддршка за клиентот, но самиот клиент е најактивниот учесник;



- му помага на клиентот (странката) да го претстави својот случај, преку давање на сите релевантни податоци за да може да се сконцентрира на аспектите кои се од најголемо значење за неговиот интерес:

- му помага на медијаторот во започнување на комуникацијата меѓу страните во спорот, преку укажувањето на другата страна дека е корисно да се сослуша неговиот клиент, затоа што тој има вредни аргументи.

Пристапот на полномошникот во медијацијата мора да биде подипломатски: медијаторот не е тој што треба да биде убеден во разумноста на клиентот (затоа што тој не одлучува), туку другата страна.

Медијацијата, во која и двајцата полномошници се во состојба да ги убедат своите клиенти да ги сослушаат аргументите на другата страна, е веќе половина успешна. Доколку не дојде до спогодба, страните барем ќе ја имаат таа сатисфакција дека ја сослушале и другата страна (најчесто за првпат).

На крајот, се разбира, полномошниците имаат важен удел во формулирањето на спогодбата и надзорот над спроведувањето на обврските на другата страна, кои произлегуваат од спогодбата. Посебно кога се работи за комплицирани имотно-правни и други спорови, коишто бараат правно и друго стручно знаење.

Односот на медијаторот и адвокатот-полномошник, или другите полномошници во согласност со законот, треба да биде однос на заемна соработка и неконфронтирање. Добриот медијатор ќе се заблагодари на адвокатот-полномошник, или другите полномошници предвидени во согласност со законот, за присуството на сесиите на спротивставените страни, и за коректниот и професионалниот однос. Исто така, адвокатот-полномошник, или другите полномошници предвидени во согласност со законот, ќе се однесуваат со голема почит кон медијаторот, како и во согласност со законот, со цел да се реши спорниот момент во интерес на нивните клиенти.

### 5.3. Предмети на медијација каде што едната страна во спорот има ангажирано полномошник (адвокати, бранители и други предвидени лица) и неговата улога

Во овие предмети, каде што само едната страна во постапката за медијација има ангажирано полномошник, страните се во нерамноправна положба. Оттаму, медијаторот поради рамнотежа и балансирање на моќта, би требало да предложи и на другата страна, којашто нема ангажирано полномошник, да ангажира соодветен полномошник, како и другата страна. Ова е неопходно потребно, за да може соодветно да се заврши постапката за медијација, во согласност со начелото на еднаквост на страните. Истовремено, ова ќе придонесе за воспоставување соодветна комуникација на страните во спорниот однос.

Дали страната, која нема полномошник, ќе прифати да ангажира вакво лице, останува самата да одлучи. Постапката за медијација може да продолжи и во овој случај.

Во случај кога медијаторот ќе предложи на другата страна во спорот да ангажира полномошник-адвокат или други предвидени лица со законот, а таа не го прифати тоа, притоа во процесот за медијација на сесиите се покаже дека ова предизвикува дисбаланс на моќта, а медијаторот оцени дека во тој случај немањето полномошник може негативно да се одрази врз постапката на медијација и врз крајниот резултат, тогаш медијаторот може со писмена изјава да констатира дека постапката за медијација е завршена[3], а понатамошни наредни сесии се нецелисходни.

[3] Во согласност со Законот за медијација на Р. Македонија, член 21.



## Осма вежба: случај „Коце“

*Предмет на медијација во граѓански спор (надомест на штета од задолжително осигурување во сообраќај).*

Во овој предмет само оштетениот има ангажирано полномошник-адвокат.

*За оваа вежба потребни се 4 доброволци за играње на улогите и тоа:*

- 1 медијатор;
- 1 оштетен;
- 1 полномошник на оштетениот;
- 1 претставник на осигурителна компанија.

**Сценарио:** оштетениот **Коце,** преку својот полномошник-адвокат, пред да поднесе тужба до судот (во согласност со обврската, од чл. 5, од Законот за задолжително осигурување во сообраќајот) поднел барање до осигурителната компанија, кај која било осигурено возилото кое учествувало во сообраќајната незгода. Во барањето е наведено дека во врска со сообраќајната несреќа, која се случила на ден 20.4.2011 год, со правосилна пресуда, возачот на моторното возило, кое е осигурено кај истата осигурителна компанија, е прогласен за виновен. Како последица на здобиените повреди во сообраќајната несреќа, оштетениот ја изгубил работната способност и е прогласен за инвалид, притоа се стекнал со инвалидска пензија. По поднесување на барањето, полномошникот-адвокатот на оштетениот со нов поднесок му предложил на претставникот на осигурителната компанија, спорот да го решат спогодбено и тоа во постапка за медијација. По една недела, предлогот за решавање на овој спор со медијација е прифатен од страна на осигурителната компанија и двете страни заеднички определиле медијатор од именикот на медијатори.

*Податоци за обвинетиот Коце:*

- маж на возраст од 56 години, татко на 2 возрасни деца;
- во лоша здравствена и материјална состојба (корисник на ниска инвалидска пензија).

*Интереси на Коце:*

- подобрување на здравствената состојба и добивање соодветна здравствена нега и помагала;
- побрзо добивање на надомест на штета и капитална рента.

*Податоци на осигурителната компанија:*

- една од најголемите и најуспешните осигурителни компании во Република Македонија.

*Интереси на осигурителната компанија:*

- задржување на деловниот углед и довербата на клиентите;
- зголемување на бројот осигуреници, посебно во осигурувањето на моторни возила.

*Заеднички интереси:*

- брзо и ефикасно решавање на соодветниот спор;
- избегнување на долгите и на скапите судски постапки.

Развивање групна дискусија по обидот да се реши предметот по пат на медијација!

## 5.4. Предмети на медијација во кои двете страни во спорот немаат ангажирано полномошник (адвокати, бранители и други предвидени лица)

Во овој случај, може да се очекува (но и не мора) во постапката за медијација, комуникацијата да биде отежната, како и да се појават потешкотии во однос на изготвување на спогодбата во писмена форма.

Во ваквите постапки медијаторот има голема обврска, потребно е да поседува голема вештина, да ги избалансира односите во комуникацијата, исто така и способност за крајното заедничко формулирање на спогодбата, во согласност со спротивставените страни во спорот, со цел таа да може да се ефектуира.

Деветта вежба**: случај „Петко“**

*Предмет на медијација во кривичен спор, во согласност со Законот за кривична постапка (ЗКП) - во овој предмет ниту една од страните нема ангажирано полномошник.*

За оваа вежба потребни се 3 доброволци за играње на улогите и тоа:

- 1 медијатор;



- 1 обвинет;
- 1 супсидијарен тужител.

**Сценарио:** обвинетиот **Петко**, поранешен работник во Друштвото „Т“ во ликвидација, на ден 7.5.2012 година, поднел барање за разрешување на ликвидаторот **Митко** (сега супсидијарен тужител), и во барањето изнел невистини кои се штетни за угледот и честа на **Митко**. Во неговото барање било наведено следново: Митко бил директор на Друштвото „Т“, и тој оттогаш успеал неговото рентабилно работење да го доведе до ликвидација, посебно со склучување штетни договори и други дејства со штетни последици за горенаведеното Друштво.

Со наведените дејства обвинетиот сторил **кривично дело – Клевета,** по чл. 171, ст. 1 од Кривичниот закон (КЗ).

*Податоци за обвинетиот Петко:*

- возрасен маж на 55 години (напуштен од страна на неговата сопруга), татко на едно дете;
- невработен, без никакви приходи;
- во лоша психичка здравствена состојба (нервно растроен).

*Интереси на Петко:*

- задоволување на својата правда;
- подобрување на здравствената, материјалната и семејната состојба.

*Податоци за супсидијарниот тужител Митко:*

- маж на возраст од 59 години, татко на 2 полнолетни деца;
- успешен деловен човек, со углед и чест во околината;
- во добра материјална положба.

*Заеднички интереси:*

- подобрување на нарушените меѓусебни односи;
- избегнување на долгите и на скапите судски постапки.

# ШЕСТА СЕСИЈА

## 6. Несоодветен начин на комуникација

Несоодветниот начин на комуникација во фазата на преговори, како и во целиот процес на медијација, не помага во градењето односи за доверба помеѓу медијаторот и страните во спорот.

*Ваквите односи кои не помагаат во постапката на медијација, можат да бидат:*

А) користење изјави кои се оптоварени со вредности;
Б) недавање простор да се искажат страните;
В) кога се заборава што кажале страните и што е за нив важно;
Г) кога медијаторот се однесува надмоќно кон страните;
Д) кога се користи жаргон и несоодветна комуникација;
Ѓ) кога се прекинуваат страните кога зборуваат;
Ж) кога им се нудат совети на страните како да постапуваат.

За секоја од горенаброените несоодветни начини на комуникација, во делот подолу од прирачникот, ќе ги наведеме нејзините основни карактеристики.

*А) Користење изјави кои се оптоварени со вредности;*

Вредностите претставуваат верување за тоа кои активности, работи и идеи се, или не се, корисни и добри. Формираниот систем на вредности многу тешко се менува и до евентуални промени доаѓа многу бавно. Поради тоа, вредностите најчесто се доживуваат како нешто што не може да биде предмет на преговарање. Тоа не значи дека во преговарањето вредностите треба да се игнорираат, туку напротив, суштествено е вредностите и потенцијалните разлики во вредностите да се разберат и во текот на преговарањето да се почитуваат. *Притоа, многу е важно постојано да се имаат предвид евентуалните разлики во вредностите меѓу конфронтираните страни, особено ако страните се со различна културна и образовна позадина.*

Однесување кое не помага во градењето односи за доверба помеѓу медијаторот и страните во постапката на медијација, каде се искажуваат вредности, како на пример:

| | |
|---|---|
| Разменете ја со соговорникот комплетната информација без предрасуди, изјави со вредности. | НЕ - Тоа од нив можеше да се очекува, зар не?<br>ДА - Не бевте изненадени од нивната реакција? |

*Б) Недавање простор да се искажат страните;*

Медијацијата е двосмерен процес, кој се случува помеѓу медијаторот и страните во спорот. Поради тоа, на информациите, кои се важни за процесот, не треба да не им се дава простор да се презентираат.

Во текот на постапката за медијација, не треба да се има претпоставки кои нема да се проверат со страните. Дури и ако е нешто можеби очигледно, би било добро медијаторот да го провери, преку споделување на информациите со страните - дали тоа навистина е така.

Не треба да се каже: „Мислам дека претерано сте реагирале, бидејќи немате право така да ѝ кажете“. Наместо ова, може да се каже: „Ми се чини дека силно сте го доживеале тоа што таа го сторила. Дали сум во право кога мислам дека...“

*Потребно е да се споделуваат податоците и информациите!*

Доколку не се знае одговорот на некое поставено прашање, од некој од страните во спорот, треба да им кажете на учесниците дека не го знаете одговорот, но дека, на пример, ќе се консултирате со некој и ќе им дадете одговорот наредниот пат. Може да им се препорача литература (во зависност од интелектуалното ниво на тој што прашува) каде можат да прочитаат за тоа или сл. Помала грешка ќе се направи доколку отворено се признае дека не се знае одговорот, отколку на учесниците во спорот да им се даде погрешна и неточна информација.

Ваква комуникација во која не се дава простор за искажување на страните, имаме кога:

- Медијаторот не ги согледува чувствата и потребите на двете страни, и се поддржува аргументирање. На пример: „Ти значи тврдиш дека таа лаже, докажи ни го тоа...“;
- Медијаторот не го преведува јазикот на критика и оптужувањето, кое го користат двете страни за нивните потреби

и чувствата, туку коментира и интерпретира. На пример: „Тоа ти што го кажуваш, дека тој го направил, значи дека немаш доверба во него и мислиш дека сите се против тебе...“;

- Медијаторот дозволува разговорот да излезе од контрола, при што доаѓа до повторна ескалација на судирот;
- Медијаторот покажува незаинтересираност за проблемот на страните или лично се вклучува во нивниот меѓусебен судир. На пример: „Тоа што ти го кажуваш, дека таа е проста, значи дека и ти си таква...“.

*Медијаторот не треба да заклучува врз основа на неговите лични претпоставки од тоа што го видел од невербалната комуникација!*

*На пример, може да се праша:*

*Име________, слушам дека кажуваш дека се сложуваш со ова што е кажано, но ми се чини дека притоа се муртиш. Не знам дали сум во право, но би сакал да бидам сигурен дека ти навистина се сложуваш со ова и...*

*Да резимираме: кога зборуваме, тоа што го изговараме може лесно да се контролира, а со тоа и да се манипулира. Но, невербалните знаци тешко се контролираат. Затоа, се случува да претпоставуваме врз основа на ваквите информации, на кои полесно се потпираме при согледувањето одредени состојби и релации во постапката на медијација.*

*В) Кога се заборава што кажале страните и што е за нив важно;*

Страните, една по друга, му го изложуваат на медијаторот своето гледање на проблемот, по редоследот кој самите претходно го договориле. Може, истотака, и медијаторот да го предложи редоследот на излагање на страните во спорот, без да даде предност на една од нив. Всушност, се бара да кажат што претставува суштината на конфликтот од нивна гледна точка и како самата конфликтна ситуација се одразила врз нив.

Во согласност со претходно наведеното, може да се случи за тоа време медијаторот невнимателно да го слуша тоа што се кажува, и по искажувањето на секоја од засегнатите лица, да не успева да го парафразира тоа што е значајно за страните. Медијаторот резимира со свои зборови нешто што не е во корелација со она што го кажале спротиставните лица во спорот. Не успева да го повтори во кратки црти

гледиштето на одредена конкретна страна во конфликтот, врз основа на искажаните гледишта на двете конфронтирани страни, доколку е тоа потребно. Доколку медијаторот не посветува доволно внимание што кажале страните, нема да биде во состојба да ги идентификува спорните прашања во постапката на медијација.

Спротивно на гореизнесеното, медијаторот треба точно да ги открие позиции што ги зазеле страните и потребите што се во основа на заземените позиции. Сето тоа ќе му овозможи да ги преформулира позициите во приоритетни потреби што треба да бидат задоволени, кои треба да прераснат во заеднички интереси на страните во спорот.

*Поддршка, прифаќање и храбрење на страните отворено да разговараат!*

Не помалку значајно е во текот на процесот на медијација страните да чувствуваат поддршка од страна на медијаторот, отворено да разговараат, слободно да го изнесат своето гледиште на проблемот и ситуацијата во која се наоѓаат.

Медијаторот треба да ја прифати нивната приказна, т.е. нивното гледање на проблемот, да ги прифати нивните емоции кои го следат овој проблем, како и да ги прифати потребите кои се наоѓаат во основата на ваквото однесување. Страните треба да се потсетуваат на постигнатиот прогрес и успех кој дотогаш го постигнале, преку согледување наназад на што сè до тој момент е сработено и да се охрабрат да продолжат. Страните во спорот потребно е да веруваат дека се во состојба да го решат проблемот. Доколку медијаторот активно не ги слуша страните, нема да може да се придвижи кон постигнување решение на проблемот кое ќе биде прифатливо за двете страни.

*Потребно е да се применуваат стратегии за успешна комуникација со почитување на соговорникот, на пример:*

| | |
|---|---|
| Избегувајте да претпоставувате | НЕ – Да не претеравте кога рековте... |
| | ДА - Мислам дека навистина силно го доживеавте тоа... |

*Г) Кога медијаторот се однесува надмоќно кон страните;*

Постојат некои гестови кои се дефинирани како гестови на авторитативност и моќ, и медијаторот би требало да ги избегнува во текот на процесот на медијација. Тоа што медијаторот не би требало да го применува, е:

- да седи додека учесниците во медијацијата стојат;
- да биде навален во столот или да се клати во него;
- има прекрстени раце и сериозен поглед во далечина;
- гледа во одредена страна во спорот, т.е. се фокусира подолго време;
- ги прекинува другите додека зборуваат;
- зборува гласно, често или го нагласува секој свој слог.

Значајно е да се нагласи дека овие голем број комуникациски канали, кои ни стојат на располагање, можат да доведат до нивно погрешно толкување, т.е. да настане недоразбирање помеѓу страните и да се појават, на пример, судир на информации, како што се:

- не се придава доволна важност на изведување решение кое страните го предложуваат, туку се форсира постигнување согласност околу други можности. На пример: „Ајде да се договориме, а потоа ќе видиме дали тоа може...“;
- препуштање на страните да го дефинираат решението на проблемот, без obsир колку тоа е можно да се реализира;
- не се проверува кај страните во спорот, дали решението и за двете страни е прифатливо.

*Д) Кога се користи жаргон и несоодветна комуникација;*

Секој медијатор треба да знае да избегнува ваква комуникација. Во текот на медијацијата би било добро медијаторот да не користи жаргон, како и несоодветна комуникација. Користењето жаргони може да им изгледа на учесниците во процесот, дека средбите на медијација се неплодотворни и дека нема да донесат никакви резултати.

Како не треба да се користи жаргон и несоодветна комуникација, може да се види на следниот пример:

| | |
|---|---|
| Избегувајте жаргон и стручни термини | НЕ - Ве заморува кога другите зборуваат опширно...<br><br>ДА - Би сакале соговорникот да ви каже во кратки црти за што станало збор... |



*Избегнување премногу комплицирани и стручни термини.*

Не треба да се користат стручни термини, бидејќи учесниците во процесот на медијација, можат да имаат проблем за да разберат за што станува збор. Понекогаш, може да им биде непријатно на страните во спорот и да бараат да им се објасни што сè се сакало да се каже, бидејќи тие не разбрале.

*Ѓ) Кога се прекинуваат страните кои зборуваат;*

*Причините за невнимателно слушање, т.е. неслушање, можат да бидат бројни, како што се:*

- не се дозволува размена на ниво на чувства и потреби. На пример: „Не е важно кој како се чувствува, туку како да го решиме проблемот“;
- усмереност на решавање и свој успех како медијатор, а не на процесот и учесниците во него. На пример: „Немојте да се расплинувате, треба да најдеме решение, а не до бескрај да ја разгледуваме ситуацијата“. „Не ни треба на нас полно, туку само едно решение и тоа што побргу“.

*Ж) Кога им се нудат совети на страните како да постапуваат.*

Довербата и неширењето информација е нешто што дава поддршка, како на самиот процес на медијација така и на учесниците во овој процес. Понекогаш медијаторот нуди совети на страните што да прават. Ова медијаторот не треба да го прави, вакви примери се:

- форсира свое решение на проблемот, без притоа да води сметка дали тоа е прифатливо за двете страни. На пример: „Најдобро е вие сега убаво да се ракувате...“ Иако страните не чувствуваат потреба да го сторат тоа.
- советува и морализира, предизвикува чувство на вина кај двете страни. На пример: „Не е во ред да се карате околу ваквите работи, не знаете вие што се вистински проблеми...“ Тоа што за медијаторот претставуваат вистински проблеми, не мора да значи дека претставуваат исто и за страните во спорот.
- кажува како спорот во иднина да се избегне. На пример: „Веројатно сега сфативте како ова повеќе да не ви се повтори...“,

„ги гуши“ соговорниците со своите гледања на ситуацијата. На пример: „Како јас ги гледам работите...“

Понекогаш, слушаме дека медијаторот не успева во процесот или дури не е во состојба ни да го започне процесот затоа што страните немаат доверба во него и не сакаат да се обратат за помош. Ова го доведува во прашање не само кредибилитетот на медијаторот туку и целиот процес на медијација.

**Десетта вежба:** *сценарио – Градежна фирма на станови „Нов Дом“ и Стојан*

Градежната фирма на станови „Нов Дом“ и Стојан, склучиле договор за градба на станови во Скопје. Стојан, за да добие фиксна цена за станот, морал да ја уплати целата сума за вредноста на станот. При склучување на договорот, Стојан не забележал дека во договорот е внесена одредба во која последната цена на станот, ќе биде одредена во согласност со последната завршна пресметка за градба на станот. Работите траеле подолго од што било договорено, но во договорот не биле наведени одредби за плаќање на „пенали“, доколку станот не биде завршен во предвидениот рок. Ниту Стојан не сакал да се повикува на пенали во врска со Законот за облигациски односи, по кој би имал право на таков надомест за задоцнување на градбата на станот. Посебна причина за незадоволството на Стојан, беше и тоа што мораше да се исели од станот кој го продал, да закупи друг стан на одреден период во кој сега се вселил. По завршените градежни зафати на фирмата, таа направи завршна пресметка за вредноста на станот. Во завршната пресметка била и пресметка за плаќање на градско градежно земјиште. Стојан пошол кај директорот на фирмата за градба на станови „Нов Дом“ да праша дали можеби станува збор за некоја грешка. Стојан ја кажал својата забелешка, а директорот му поверувал, дека тој го исплатил станот во целост, притоа морал да се исели од еден и да оди под закуп во друг стан. Стојан предложил надоместот за користење на градежното земјиште да го плати фирмата „Нов Дом“.

Фирмата „Нов Дом“ поднела во суд тужба против Стојан за наплата на преостанатиот долг, а по една година траење на постапката, судот предложил спорот да се реши по мирен пат на медијација.



**Страните се кај медијатор да го решат спорот по пат на медијација**:

**Стојан:** „Како мислите да бидам повикан да платам за нешто што целосно го имам платено. Имаме договор кој е заверен во суд, и имам признаница дека сум ја уплатил целата купопродажна сума за станот, а немам посед врз станот”.

**Директорот:** „Не сте во право! Да сте го прочитале внимателно договорот би можеле да видите дека постои член, во кој е напишано дека конечната пресметка ќе биде доставена по добивање на сметката за плаќање на градежното земјиште. Кога фирмата ја доби оваа пресметка, ние ја поделивме со бројот изградени станови, поради тоа преостанатиот дел, кој ти е наведен, си должен и ти да го платиш“.

**Стојан:** „Јас мислам дека е договорена фиксна цена за станот, со мојата вкупна сума која ја платив за станот, мислам дека во потполност сум ги подмирил своите обврски кон фирмата ’Нов Дом‘“.

**Директорот:** „Твој проблем е што не си го прочитал договорот. Цената за градба навистина е фиксна, но ние не можевме да знаеме колку ќе чини цената на градежното земјиште по 1 м$^2$, поради што во договорот ова не е наведено“.

**Заеднички интерес:**

Стојан има интерес да го добие станот во посед, да извади имотен лист, да го трансформира во сопствено владеење за да може со помош на овие документи да подигне кредит, а станот да го стави под хипотека. Свесен е дека во договорот има членови кои се контрадикторни еден на друг. Фирмата **„**Нов Дом**“** има интерес овој спор да го реши по мирен пат, бидејќи Стојан има добри односи со новинарите, и доколку, евентуално, го објави овој случај, тоа би била лоша реклама за фирмата, која само што започна да гради нов комплекс станови коишто не се продадени.

Групна дискусија

## СЕДМА СЕСИЈА

## 7. Видови поставување на прашања во фазата на преговори

На страните во спорот треба да им се укаже дека со одговорите на прашањата, пред сè му помагаат на медијаторот подобро да ги запознае нивните интереси и потреби, како и суштината на проблемот. Затоа на страните треба да им се обрати со пристап кој нуди партнерство, пронаоѓање на заеднички интереси и потреби, на пример, доколку им се обрати со прашањето: „Ќе ми помогнете да ги разјасниме работите, ако ми кажете...?“

При комуникацијата потребно е да се избегнуваат сугестиви прашања, потоа прашања на кои однапред сме сигурни дека соговорникот не знае да ни одговори, или чувствителни прашања кои се однесуваат на некој хендикеп, сексуална определеност и слично.

Медијаторот поставува прашања за различни цели. Со соодветно поставените прашања може да добие информации кои ќе му користат, така што со добиените одговори собира информации за подобро да го разбере спорот, ставовите на страните во спорот, да ги разјасни спорните односи кои претходно настанале помеѓу страните, а кои не му се јасни на медијаторот.
Со прашања им помага на страните да размислат за:

- своите ставови;
- да се преиспитаат;
- да откријат дали се тоа нивни лични ставови или им се наметнати;
- дали го разбираат проблемот;
- да откријат која е суштината на спорот;
- дали предложеното решение би било реално остварливо.

Со соодветно поставените прашања, може да ја надмине ситуацијата која навестува конфликт во комуникацијата, така што разговорот ќе се насочи кон порелаксирани теми, значи да се избегне конфликтот, и ќе се насочат страните да се сконцентрираат на проблеми кои се пречки за решавање на спорот. Со прашањата медијаторот го развива самоувидувањето и самокритичноста на страните во спорот. Со тоа што поставува прашања со кои страните ќе станат свесни за своите грешки и за ставовите кои нудат препреки во преговорите. Во оваа насока, со соодветни прашања го омекнува ставот на страните, кога тие при давање на одговорите ќе станат самосвесни дека барањата и очекувањата не се реални. Медијаторот покрај техниката или вештината за поставување на прашања, треба да биде вешт да го постави

вистинското прашање во вистинско време, како би го постигнал очекуваниот ефект.

## 7.1. Отворени и затворени прашања

Прашањата можат да бидат *отворени и затворени*. Со *затворените прашања* може да се влезе во замка по краткиот разговор, да дојде до прекин на комуникацијата, додека со отворените прашања соговорниците се поттикнуваат на разговор. Медијаторот треба да се труди да употребува отворени прашања, или затворените да ги преформулира во отворени, на пример прашањето: „Дали лесно нè најдовте?“, „Како нè најдовте?“, итн.

Преку *отворените прашања* може разговорот да се насочи да биде посодржински, страната да се изразува поописно, да се поттикнат нови подрачја за разговор. Отворените прашања во текот на истражувањето се користат за да се дојде до нови и до релевантни информации, а за да ги восприема тие информации, медијаторот мора внимателно, односно активно да слуша, но и да ја перцепира невербалната комуникација на страните. Со отворените прашања се поттикнува размислувањето, се охрабрува на разговор, се создава конструктивна атмосфера со примена на активно слушање, и се открива суштината на спорот. Со отворените прашања страните се запознаваат меѓу себе, пред сè со повеќе лични податоци, ги запознаваат ставовите, уверувањата, интересите и вредностите. Затоа отворените прашања се особено корисни во почетната фаза на медијација, кога се изнесуваат различните гледишта на проблемот и позициите, а особено се корисни во фазата на истражување, но и во фазата на нудење решенија од страните во спорот.

*Прашања од отворен тип се:*

*„Што ве наведе да дојдете овде?“; „Добро би било, да ни кажете нешто повеќе за тоа?“*

*„Како вие го гледате спорот?“; „Објаснете ни што се случило?“; „Можете ли таа состојба подобро да ни ја објасните?“*

Отворени прашања се поставуваат и во последната фаза на процесот на медијација кога ќе се дојде до заеднички договор, пред да се напише спогодбата, а во таа фаза медијаторот може да ги употреби следниве прашања:

*„Дали сакате уште нешто да ни кажете за тоа?“; „Дали имате друг предлог за решавање на проблемот?“; „Дали можете да го подржите предложеното решение?“*

*Затворените прашања* се користат во случај кога е потребно соговорникот да се задржи на темата, или на одредена ситуација кога

медијаторот треба што побргу да дојде до одредени информации, како и да го согледа ставот на страната за одредена ситуација.

Овие прашања не се препорачуваат на почетокот на процесот на медијација, бидејќи не се добиваат продуктивни одговори, зашто со нив не може ништо да се дознае во врска со суштината на проблемот. Одговорите на затворените прашања се кратки, се одговара со „да“ или „не“, *примери на затворени прашања се: „Дали се согласувате со тоа?“ или „Дали сте задооволни со постигнатиот договор?“*

Во комуникацијата медијаторот користи и *кратки прашања* со кои се стимулира соговорникот да продолжи со излагање, да изнесе уште информации и податоци во таа насока, а кратки прашања се: „И?“ „И тогаш?“, но понекогаш не се дефинирани како прашања, но се употребуваат да му се сугерира на соговорникот да продолжи со излагањето, како: „Разбирам“, „Аха“, секако тие се проследени со невербална комуникација.

*Парафразирањето* претставува процес на кратко повторување со свои зборови, односно тоа што страната го кажала, притоа задржувајќи се на контекстот на кажаното. Парафразирањето започнува со следниве прашања: *„Колку јас што разбирам...?“, „Дали тоа значи дека...?“, или „Ако добро разбрав...?“*

*Сублимирање* се користи кога сето кажано се скратува во кратки црти, ставајќи акцент на најрелевантните делови на кажаното, притоа се употребуваат следниве прашања: *„Значи за вас е најважно...?“, „Можеме да заклучиме дека ...?“, „Денес се договоривме дека...?“*

*„Јас“ говор - тоа* е говор на добра комуникација, без навредување и барање на виновник, а помага да се изрази личната желба, ставот и потребите на говорникот. Медијаторот и страните во спорот треба да се трудат изјавите да ги изразуваат во форма на „јас“ говор, како во следните примери: *„Како можеш да бидеш толку безобразна и да не ми ја вратиш книгата навреме“,* може да се искаже на следниов начин: *„Јас би сакала да ти помогнам кога ти е потребна моја книга, но многу ми пречи кога не ми ја враќаш навреме“.*

## 7.2. Линеарни прашања (кој, што, како, кога и зошто)

Медијаторот треба на почетокот да им дозволи на страните да го изнесат своето видување за спорот, притоа поставувајќи прашања во таа насока, а особено треба да води сметка да не го пренасочи разговорот во друг правец.

Пример: „Да ве разбирам низ што сте поминале, понатаму...?“; „...потоа што се случи?“; „Да ве разбирам низ што сте поминале, понатаму... потоа што се случи?“; „Објаснете ни што се случи тогаш...?“



„Според вас, кога настанаа првите несогласувања околу...?“

„Би било добро да ни кажете нешто повеќе за тоа... како вие гледате на таа ситуација?“

„Што мислите вие, која е причината поради тоа?“

## 7.3. Рефлектирачки и хипотетички прашања

Рефлектирачките и хипотетичките прашања се прашања со кои се испитува каква ќе биде функционалноста на односите или релациите на страните по решавање на спорот. *Пример: „Што мислите, по решавање на спорот, дали повторно ќа ја продолжите вашата професионална соработка?“, или „Доколку никој од вас не е подготвен на промени или отстапки, што мислите ќе дојдеме ли до заедничко прифатливо решение?“*

## 7.4. Стратешки прашања

Стратешките прашања се поставуваат со намера да се дојде до некое сознание во процесот на истражување, во откривање на потребите, а прашања кои можат да се употребат во оваа фаза се: *„Ме интересира вашето мислење за тоа кои се причините за настанување на спорот?“, или „Која е најдобрата опција за решавање на спорот, според вас?“*

## 7.5. Прашања за воспоставување добри релации

Овој тип прашања за воспоставување добри релации, откако ќе се откријат заедничките интереси на спротивставените страни, се користат за да се истакне и продлабочи соработката во насока на приближување на ставовите кон изнаоѓање заедничко решение, кое е прифатливо за двете страни, а за таа цел можат да се поставуваат следниве прашања: *„Значи заедничка цел ви е што побрзо и поефикасно да се реши спорот?“, или „Мило ми е што и двајцата одлучивте преку процес на медијација да го решите спорот“*.

## 7.6. Циркуларни прашања

Истите циркуларни прашања се поставуваат на едната и на другата страна во спорот, со цел да се добијат податоци за тоа какви позиции и ставови имаат страните за една одредена спорна тема, пример: „Дали имате искрена желба да го решите спорот?“, или „Што нудите вие како опција за решавање на спорот?“, итн.

## 7.7. Прашања за преформулација

Преформулирање е техника со која медијаторот, речениците кои носат порака на обвинување, лутина, навреди и слично, ги преформулира со поконструктивна содржина. Преформулирањето прашања се користи и со цел да се добие што посоодветен одговор, доколку соговорникот не го разбрал прашањето, тогаш потребно е истото медијаторот да го преформулира или да побара соговорникот да го стори тоа.

*Пример: „Мислам дека не си искрен и лажеш“, би требало „Имам чувство дека не ни ја кажуваш целата вистина“; „Зошто не сакаш да разбереш, дека јас повеќе не сакам да те видам?“, би требало: „Јас би сакала да се обидеш да ме разбереш дека не би сакала повеќе ние да комуницираме?“*



## ОСМА СЕСИЈА

## 8. Начини на завршување на постапката за медијација

Постапката за медијација завршува со: а) склучување писмена спогодба за решавање на спорот меѓу страните, на денот на склучувањето на спогодбата; б) со писмена изјава на медијаторот, по извршени консултации со страните, дека не се оправдани натамошни обиди за медијација, на денот на поднесувањето на писмената изјава; в) со писмена изјава од страните до медијаторот, дека постапката за медијација е завршена, на денот на поднесување на изјавата; и г) со писмена изјава, на која било од страните на постапката до другите страни и медијаторот, доколку тој е именуван, дека постапката за медијација е завршена, на денот на поднесувањето на изјавата.

Постапката за медијација, покрената во врска со член 200, став 6 од Законот за парнична постапка, мора да заврши во рок од 45 дена од прекинот на судската постапка, во согласност со член 203, став 1 од Законот за парнична постапка. Сите други постапки за медијација, завршуваат во рок од 45 дена од денот на започнување на постапката, без оглед на нејзиниот исход, освен кога страните ќе се согласат поинаку со медијаторот.

### 8.1. Завршување на постапка за медијација со склучување писмена спогодба за решавање на спорот меѓу страните

*Можни ситуации за решавање на споровите меѓу страните, во постапка на медијација со склучување спогодба, се наведени во сесија 9, поточно во наслов 9 (точки: а, б и в); поднаслови 9.1., 9.2., 9.3., 9.4., и 9.5. (за повеќе информации види во овој дел од Прирачникот).*

## 8.2. Завршување на постапката на медијација со писмена изјава на медијаторот

Завршување на постапката на медијација со писмени изјави на медијаторот, можно е кога:

А) По извршени консултации на медијаторот со страните, бидејќи не се оправдани натамошните обиди за медијација, на денот на поднесувањето на писмената изјава;

Б) Со писмена изјава од страните до медијаторот, дека постапката за медијација е завршена (неуспешна), на денот на поднесувањето на изјавата, *иако не се поминати 45 дена*, од денот на давањето изјава за започнувањето на постапката од страна на страните;

В) Изјава по завршување на постапката на медијација со истекот на рокот од 45 дена (во согласност со законот), од денот на давањето изјава за започнувањето на постапката од страна на страните, доколку таа е неуспешна. Оваа постапка на медијација, во врска со предмет во судска постапка по истекот на максималниот рок од 45 дена, завршува по сила на законот.

***Елементи кои треба да ги содржи писмената изјава во овие ситуации, се:***

- органот до кој се праќа;
- број на предметот;
- податоци за страните;
- кратка содржина на изјавата;
- потпис и печат на медијаторот.

***За видот и содржината на теркот за изјава, како пример види во поднаслов 9.7. Прилог на теркови.***



## 8.3. Завршување на постапката за медијација со писмена изјава на која било од страните на постапката до другите страни и медијаторот, доколку тој е избран

Изјавата на завршување на постапката за медијација, со писмена изјава на која било од страните на постапката до другите страни и медијаторот, доколку тој е избран, дека постапката за медијација е завршена, на денот на поднесувањето на изјавата, *ги содржи следните елементи:*

- Името на медијаторот;
- Предметот;
- Страните;
- Содржината;
- Потпис од страните.

***За видот и содржината на теркот за изјава како пример види во поднаслов 9.7. Прилог на теркови.***

# ДЕВЕТТА СЕСИЈА

## 9. Видови спогодби и начинот на известување на надлежните органи коишто ги упатиле страните на медијација

Подолу ќе се осврнеме на видови спогодби во граѓански, трговски, семејни, работни, потрошувачки, и во други спорни односи меѓу физички и правни лица, и кривични спорови, во согласност со ЗКП, како и споровите во согласност со Закон за малолетничка правда, како и обврската на известување на медијаторот на надлежните органи коишто ги упатиле страните на медијација.

*Спогодба*

Медијацијата се смета за успешна доколку таа заврши со спогодба. На тој начин во медијацијата се постигнуваат најдобри резултати и се постигнува целта на оваа постапка, односно споровите да се решаваат на мирен начин, низ зачувување добри односи, како и нивно понатамошно градење во иднина. Од волјата на страните ќе зависи какво ќе биде дејството на спогодбата и формата во која спогодбата ќе биде склучена.

Според Законот, спогодбата во медијацијата мора да биде изготвена во писмена форма, од страна на самите странки или по нивно барање, од страна на медијаторот. Писмената спогодба ја потпишуваат страните во постапката, но пред да ја потпишат им се остава разумен рок за нејзино прифаќање.

Во однос на улогата и обемот на овластувањата на полномошникот на страните, произлегува дека полномошникот со специјално полномошно овластување ќе може да биде овластен во писмена форма да ја изготвува спогодбата, како и да ја потпише (во име и за сметка на страните).

Под разумен рок би можело да се подразбира од 3 до 8 дена, што произлегува од споредбата на разумните рокови во судските постапки, но притоа земајќи ги предвид роковите за завршување на постапката (45 дена).

По потпишувањето на спогодбата од страна на страните во постапката, со свој потпис и печат ја заверува медијаторот. Ваквата спогодба може да се изврши само доброволно, бидејќи за таа да има

сила на извршен наслов, мора нејзината содржина да биде солемизирана кај нотар.

Во согласност со Законот на медијација, а во врска со член 12, став 1, т. 4 од Законот за извршување, како и член 44 и 44-а од Законот за вршење на нотарски работи, спогодбата солемизирана на нотар, добива својство на извршна исправа (наслов) по сила на законот. Ваквата спогодба, во согласност со Законот за извршување ќе може да биде предмет на извршување од страна на надлежниот извршител.

Спогодбата за медијација, постигната како резултат на упатување на медијација со прекин на судската постапка, медијаторот е должен да ја достави до судот во рок од три дена по завршување на постапката, и таа претставува основа за судско порамнување.

Во согласност со нашите законски прописи, можно е да се издвојат три основни вида на спогодбата за медијација, и тоа:

1. Спогодба за медијација во граѓанските предмети (имотно-правни, трговски, работни, потрошувачки, семејни и други спорови меѓу физички и правни лица, кои можат да бидат предмет на медијација во согласност со Законот за медијација);
2. Спогодба за медијација во кривичните предмети, во согласност со Законот за кривична постапка;
3. Спогодба за медијација во кривичните предмети со малолетници, во согласност со Законот за малолетничка правда.

*Содржина на спогодбата*

Во однос на содржината на спогодбата, соодветно ќе се применуваат и член 406 од Законот за облигациски односи, кој се однесува на Договорот за порамнување, како и одредбите од членовите 307-310, од Законот за парнична постапка во однос на судското порамнување.

Странките можат да ја склучат спогодбата во медијација само во поглед на барањата со кои можат да располагаат, во спротивно спогодбата е ништовна.

*Фази на градење на спогодбата:*

**Цел:**

- Да се дојде до специфични предлози за решавање на главните прашања.

**Чекори за медијаторот:**

- Резимирање на прашањата за кои странките може да се договорат;
- Разделување на проблемот на помали делови;
- Проверка дали списокот на прашања е точен и целосен;
- Дали и кога можат страните да се остават сами да избираат на кои прашања ќе работат;
- Поттикнување на страните да најдат заеднички интерес за решавање на проблемите;
- Поттикнување на страните да дадат предлози за конструктивно решение;
- Овозможување на идеите на едната и на другата страна да бидат слушнати;
- Разгледување на сите опции заеднички со сите страни;
- Проверка дали сите страни го прифатиле евентуалниот предлог.

**Пишување на спогодбата (формулирање)**

*Во спогодбата треба јасно да е наведено КОЈ прифаќа да стори ШТО, КОГА, КАДЕ и КАКО.*

**Добра спогодба треба да биде :**

- Напишана со јасен и едноставен јазик;
- Напишана со јазикот на страните во спорот (секогаш кога тоа е можно);
- Специфична, избалансирана, позитивна и практична;



- Возможна (погодна за извршување):
- Да се однесува за иднината;
- Да не содржи обвинувања;
- Роковите за нејзината реализација и за нејзиното следење да бидат прецизно дефинирани.

Подолу ќе ставиме акцент на:

*а) Медијацијата според Законот за парничната постапка, а во врска со Законот за медијација;*
*б) Медијацијата во кривичните спорови;*
*в) Медијацијата во кривичните спорови со малолетници.*

## Медијацијата според Законот за парничната постапка, а во врска со Законот за медијација

Во Законот за парнична постапка (ЗПП), регулирана е примената на медијацијата во судската постапка во врска со граѓанско-имотните спорови, стопанските спорови, работните спорови и споровите од мала вредност, на кои се применува Законот за медијација.

Според ЗПП во споровите во кои е дозволена медијација, Судот е должен заедно со поканата за подготвителното рочиште, до странките да достави и писмено укажување дека спорот може да се реши во постапка на медијација. *Претходно наведеното се применува според ЗПП и во споровите од работните односи и во стопанските спорови.*

Додека во споровите од мала вредност на првото рочиште за главна расправа, покрај другото странките се должни да се изјаснат дали се согласуваат спорот да се реши во постапка на медијација. Исто така, судот е должен во споровите во кои е дозволена медијација, заедно со поканата за рочиште за главна расправа, да достави писмено укажување до странките за постоење на можноста за решавање на спорот по пат на медијација.

Кога странките ќе се согласат спорот да го решат во постапка на медијација, Судот е должен да донесе решение со кое ќе ја прекине постапката.

**Медијацијата во кривичните спорови**

Во Законот за кривична постапка, предвидена е можност за примена на медијација и тоа во случај кога делото се гони по приватна тужба. Тогаш надлежниот судија-поединец, на рочиштето за мирење, заради целесообразност, може да даде предлог до страните да дадат согласност за нивно упатување на медијација. Согласноста можат да ја дадат на записник во писмена форма, и тоа заеднички или секоја страна посебно. Согласноста се дава во рок од 3 дена од денот кога е предложено упатувањето, а по подадената согласност, судијата-поединец донесува решение за нивно упатување на медијација.

По потпишаната писмена спогодба, од страна на странките за учество во медијацијата, медијаторот ја спроведува постапката за медијација во согласност со одредбите од Законот за медијација. Постапката за медијација може да заврши со писмена спогодба.

*<u>Ваквата спогодба мора да ги содржи најмалку следните елементи:</u>*

- Податоци за осомничениот, обвинетиот и неговиот бранител;
- Податоци за оштетениот, односно приватниот тужител и неговиот полномошник;
- Опис на настанот и правната квалификација на делото;
- Датумот кога започнала постапката за медијација;
- Податоци за вкупниот број средби одржани со страните (заедно или одвоено);
- Предмет на спогодбата и тоа надомест на штетата, извршување на определените обврски од страна на сторителот, обвинетиот во полза на оштетениот, враќање на предметот или друга основа за којашто страните постигнале спогодба;
- Датум на составување на писмената спогодба;
- Потпис од страните во медијацијата;



- Заверка на спогодбата под страна на медијаторот со потпис и печат издаден од комората на медијатори.

***Потпишаната писмена спогодба, без одлагање, се доставува до надлежниот суд.*** Потоа, до истекот на рокот на обврската, осомничениот е должен до надлежниот судија-поединец да приложи доказ за исполнување на обврската, како и за надоместот на трошоците за постапката. Надлежниот судија, по приемот на гореспоменатите докази, носи решение за запирање на судската постапка. Доколку по истекот на рокот осомничениот не ги приложи потребните докази за исполнување на обврската, предвидени со писмената спогодба, надлежниот судија веднаш закажува главна расправа според одредбите за скратена постапка.

Гореспоменатите решенија ќе започнат со примена по две години од влегување во важност на Законот за кривична постапка, поточно од 2012 година.

## Медијацијата во кривичните спорови со малолетници

Во Законот за малолетничка правда, предвидена е можноста за медијација, и тоа во предметите по пријава за дејства кои се предвидени како кривични дела, за кои со Закон е предвидена казна затвор до 5 години.

Во овие случаи надлежниот јавен обвинител, по претходна согласност на малолетникот и неговиот законски застапник, бранителот и оштетениот, може да ги упати страните во постапка на медијација.

Исто така, во случаите кога е поведена судска постапка, надлежниот суд за малолетници заради најдобро решение, а по претходна писмена согласност на малолетникот и неговиот законски застапник, бранителот и оштетениот, до завршување на главниот претрес може да ја прекине постапката со решение и да ги упати страните во постапка на медијација.

Странките се должни писмената согласност да ја достават до надлежниот јавен обвинител или до Судот за малолетници во рок од 3 дена од денот кога им е предложена постапката за медијација.

Потоа во наредниот рок од 3 дена, страните спогодбено определуваат медијатор од Именикот на медијатори, за тоа веднаш го

известуваат Јавниот обвинител, односно Судот за малолетници. Доколку страните не можат да се спогодат околу определувањето на медијаторот, тогаш Јавниот обвинител, односно Судот за малолетници е должен во рок од 3 дена да им определи медијатор од именикот на медијатори, и за тоа веднаш да ги извести страните.

Медијаторот во постапката со малолетници, покрај предвидените општи услови со Законот за медијација, потребно е да има и завршена обука за малолетници, како и да има најмалку 5 години искуство во работа со малолетници.

*Постапката за медијација по Законот за малолетничка правда завршува со:*

- Склучување писмена спогодба од страна на медијаторот и страните за постигнатата согласност за надоместокот на материјалната штета и моралната сатисфакција;
- Давање писмена изјава од страна на медијаторот по извршената консултација со страните дека не се оправдани понатамошните обиди за медијација;
- Со откажување на која било од страните во постапката со писмена изјава.
- Со истекот на рокот од 45 дена.

Исто така, медијаторот може да ја запре постапката доколку смета дека е постигната спогодба од страна на страните, која што спогодба е незаконска или неподобна за извршување.

Склучената писмена спогодба во оваа постапка за медијација, Јавниот обвинител, односно Судот за малолетници ја потврдува со Решение, со кое истовремено констатира дека постапката е завршена. Во случаите кога Јавниот обвинител, односно Судот нема да ја прифати спогодбата, поради тоа што ќе оцени дека не се исполнети законските услови за медијација, или не е исполнета целта на медијацијата, тогаш постапката продолжува од таму од каде што била прекината.

Во постапката за медијација, која се води според одредбите на Законот за малолетничка правда, соодветно се применуваат и одредбите од Законот за медијација.



### 9.1. Спогодба за спорови пред поведување судска постапка

Содржината на спогодбата за медијација во граѓански предмети (имотно-правни, трговски, работни, потрошувачки, семејни и други спорови помеѓу правни и физички лица), кои можат да бидат предмет на медијација, произлегува од член 22 од Законот за медијација (за склучување на Спогодбата за медијација), а в. в. со членовите 307-310 од Законот за парнична постапка (судско порамнување), како и членовите 13, 17 и 1128-1132 од Законот за облигациски односи (со кој е регулирана обврската за решавање спорови на мирен начин, како и Договорот за порамнување).

*Ваквиот вид спогодби за спорови пред поведување судска постапка, можат да бидат изготвени од страна на страните во спорот, или по нивно барање изготвени од страна на медијаторот кој го води процесот и нивните полномошници (доколку ги имаат ангажирано во постапката за медијација).*

Предмет на вакво решавање спорови, пред поведување судска постапка, и правење обид да се реши спорниот момент со Спогодба за медијација, може да се примени во граѓанските предмети (имотно-правни, трговски, работни, потрошувачки, семејни и други спорови меѓу физички и правни лица, кои можат да бидат предмет на медијација во согласност со Законот за медијација)

*<u>Ваквиот вид на Спогодбата треба да ги содржи следните основни елементи:</u>*

**Воведен дел**

**1.** Деловоден број;
**2.** Време на почнување и место на одржување на медијацијата;
**3.** Генералии на медијаторот и на страните (име, презиме, адреса и други податоци);
**4.** Вид на спорот (правна основа);
**5.** Вредност на спорот.

**Краток опис на предметот на спорот**

- Дефинирање за што се работи (опис на предметот, број и др.)

Краток опис на текот на постапката:

- одржани сесии;
- појаснување на сите изнесени прашања (изнесени предлози);
- краток опис на најприфатливите опции за решавање на спорот;
- опис на опции што ќе одговараат на сите страни.

**Предмет на Спогодбата (диспозитив - изрека)**

- начинот на кој е решен спорот, односно спорните прашања;
- начин на исполнување на преземените обврски;
- рок на исполнување на преземените обврски.

**Завршен дел**

- датум на завршување на медијацијата;
- потпис на страните;
- печат на медијаторот;
- потпис на медијаторот (со кој Спогодбата се смета за заверена).

## 9.2. Спогодби во спорови на кои им се дава сила на извршна исправа, со солемнизација на содржината кај нотар

Спогодбите на кои се сака да им се даде сила на извршна исправа, со солемнизација на содржината на спогодбата кај нотар, може да се примени кај следните видови спорови: граѓански, трговски, семејни, работни, потрошувачки, и во други спорни односи меѓу физички и правни лица. Кон ова се пристапува, исклучиво кога страните во спорот ќе се согласат на спогодбата да ѝ дадат сила на извршна исправа, со солемнизација на содржината на спогодбата кај нотар. Целта на извршниот наслов, со солемнизацијата, е заштита на страната која смета дека нема да се изврши доброволно постигнатата спогодба, која била постигната кај медијаторот.



По потпишувањето на спогодбата од страна на страните во постапката, со свој потпис и печат ја заверува медијаторот. Ваквата спогодба може да се изврши само доброволно, за таа да има сила на извршен наслов, мора нејзината содржина да биде солемнизирана кај нотар.

Во согласност со Законот на медијација, а во врска со член 12, став 1, т. 4 од Законот за извршување, како и член 44 и 44-а од Законот за вршење нотарски работи, спогодбата солемнизирана на нотар добива својство на извршна исправа (наслов) по силата на законот. Ваквата спогодба, во согласност со Законот за извршување, ќе може да биде предмет на извршување од страна на надлежниот извршител.

## 9.3. Спогодби во спорови кога Судот го усвоил предлогот на двете страни за прекин на постапката поради решавање на спорот со медијација и начин на известување на надлежниот суд

Вакви спогодби се можни во граѓански, трговски, работни, потрошувачки, и во други спорни односи меѓу физички и правни лица, кога Судот во текот на првостепената постапка го усвоил предлогот на двете страни за прекин на постапката, поради решавање на спорот со медијација.

Спогодбата за медијација постигната како резултат на упатување на медијација со прекин на судската постапка, медијаторот е должен да ја достави до судот во рок од *три дена* по завршување на постапката, и истата претставува основ за судско порамнување.

## 9.4. Спогодба и известувања на надлежните органи за медијација во кривични предмети со малолетници, во согласност со Законот за малолетничка правда

Вакви спогодби може да се постигнат во малолетнички спорови согласно Законот за малолетничка правда (во понатамошниот текст ЗМП), кога страните се упатени на медијација од страна на надлежниот јавен обвинител, односно надлежниот суд. Медијаторот има обврска да

ги извести надлежните органи, кога страните склучиле или не успејале да склучат спогодба.

Спогодбата за медијација во кривичните предмети со малолетници, во согласност со ЗМП, мора да биде потврдена со решение од страна на надлежниот јавен обвинител, односно надлежниот суд.

Содржината на оваа спогодба произлегува од член 77 од Законот за малолетничка правда, а в. в. со член 22 од Законот за медијација (за склучување на Спогодбата за медијација).

*Спогодбата треба да ги содржи следните основни елементи:*

**Воведен дел**

- деловоден број и датум;
- податоци за малолетникот, неговиот законски застапник и неговиот бранител;
- податоци за оштетениот и неговиот полномошник, доколку го има;
- податоци за медијаторот (име и презиме, професија и др.).

**Опис на настанот и правна квалификација на делото**

- краток опис;
- вредност на спорот (износ на штетата).

**Предмет на спогодбата**

- постигнатата согласност и висината на надоместокот на материјалната штета;
- моралната сатисфакција (извинување и сл.);
- рок за исполнување на спогодбата (вообичаен-разумен рок).

**Завршен дел**

- датум на писменото составување на спогодбата (и податоци за тоа кој ја составил);
- потпис на страните во постапката;
- заверка на спогодбата од страна на медијаторот со потпис, печат и штембил.



Единаесетта вежба: **сценарио „Сашо"**

*Предмет на медијација со малолетник (сторителна кривично дело), во согласност со ЗМП, (во предметот оштетениот има ангажирано полномошник адвокат, а малолетникот-сторител има ангажирано бранител-адвокат)*

За оваа вежба потребни се 6 доброволци за играње на улогите и тоа:

- 1 медијатор;
- 1 оштетен;
- 1 полномошник на оштетениот;
- 1 малолетник;
- 1 родител и;
- 1 бранител на малолетникот.

**Сценарио:** на ден 01.4.2012год., околу 19:35 часот, на улица Стоби во Скопје, на последната автобуска станица, малолетникот **Сашо** во група со полнолетните Борис и Митре, извршиле грубо насилство над оштетениот **Шабан**, загрозувајќи му ја сигурноста на начин што, откако возачот на автобусот ги отворил вратите, групата влегла внатре и без повод и причина започнале да го удираат оштетениот **Шабан**, кој седел на седиштето во автобусот. На овој начин на оштетениот му нанеле повреди во вид на посекотини, модринки и контузија во пределот на главата. Притоа, предизвикувајќи му чувство на несигурност, загрозеност и страв.

Со горенаведените дејства, малолетникот **Сашо** и полнолетните Борис и Митре извршиле дејство, кое во Кривичниот закон е определено како **кривично дело – насилство,** од чл. 386, ст. 2, в. в., со ст. 1 од КЗ.

**Податоци за малолетниот сторител Сашо**

- дете на возраст од 17 години;
- ученик во средно стручно училиште;
- од средно имотно семејство;
- досега со примерно однесување дома и во училиште;
- при настанот не учествувал во физичкиот напад;
- по настанот, односно стореното дело искрено се кае;

- неговите родители се подготвени да ја надоместат сторената штета на оштетениот.

**Интереси на Сашо:**

- да не биде кривично казнет;
- да не се води во казнената евиденција;
- да не ја изгуби довербата на родителите;
- да нема последици во училиштето.

**Податоци за оштетениот Шабан:**

- возрасен маж на 55 години, од албанска националност;
- татко на 3 деца од кои 2 малолетни;
- без постојана работа, социјално и здравствено неосигурен.

**Интереси на оштетениот Шабан:**

- да му се надоместат трошоците за лекување;
- да му се исплати надомест за деновите за кои бил неработоспособен;
- морална сатисфакција – извинување (бидејќи за настанот не дал никаков повод).

**Заеднички интереси:**

- спречување на понатамошен развој на конфликтот (можност од одмазда);
- избегнување на долгите и скапи судски постапки.

*По оваа вежба се развива групна дискусија!*

## 9.5. Спогодба и начин на известување на надлежниот суд за медијација во кривични спорови, во согласност со ЗКП

Вакви спогодби на медијација може да се склучат во кривични спорови, во согласност со Законот за кривична постапка (во понатамошниот текст ЗКП). Доколку страните склучиле спогодба во постапка за медијација во кривичните предмети, во согласност со ЗКП, медијаторот е должен да го извести надлежниот суд. Медијаторот, исто така, должен е да го извести надлежниот суд доколку во постапката за медијација не е склучена спогодба.

Содржината на спогодбата за медијација во кривичните предмети произлегува од член 496 од Законот за кривична постапка, а



в. в., со член 22 од Законот за медијација (за склучување на Спогодбата за медијација).

*Спогодбата треба да ги содржи следните основни елементи:*

**Воведен дел**

- деловоден број и датум;
- податоци за осомничениот, односно обвинетиот и неговиот бранител;
- податоци за оштетениот, односно приватниот тужител и неговиот полномошник, доколку го има;
- податоци за медијаторот (име и презиме, професија и др.).

**Опис на настанот и правна квалификација на делото**

- краток опис;
- вредност на спорот (износ на штетата).

**Краток опис на текот на постапката**

- ден на започнување на постапката на медијација;
- податоци за вкупниот број одржани средби (заеднички или одвоено).

**Предмет на спогодбата**

- надомест на штета;
- извршување на определена обврска од страна на обвинетиот во полза на оштетениот;
- извинување од страна на сторителот, односно обвинетиот;
- враќање предмети;
- друга основа за која страните постигнале спогодба;
- рок за исполнување на спогодбата, кој не може да биде подолг од три месеци (во согласност со ЗКП, осомничениот е должен да достави доказ за исполнување на обврските и трошоците на постапката до надлежниот суд, најдоцна до истекот на рокот за исполнување на спогодбата).

**Одлуката за надоместот на трошоците од постапката**

- висина, начин и рок на плаќање на трошоците.

**Завршен дел**

- датум на писменото составување на спогодбата (и податоци за тоа кој ја составил);
- потпис на страните во постапката;
- заверка на спогодбата од страна на медијаторот со потпис, печат и штембил.

## 9.6. Предложени вежби од обучувачите за изготвување на спогодби и известување до надлежниот орган

*Од страна на обучувачите во групите ќе се предложи од дадените вежби:*

1. Од сесија пет, поднаслов 5.3. (вежба: случај „Коце“);
2. Од сесија пет, поднаслов 5.4. (вежба: случај „Петко“);
3. Од сесија девет, поднаслов 9.4. (вежба: случај „Сашо“).

**Прва вежба:**

Изготвување спогодба во граѓански спорови за надомест на штета во осигурување, врз основа на сценариото од **вежба: случај „Коце“.**

**Втора вежба:**

Изготвување спогодба во кривични спорови според ЗКП, врз основа на сценариото од **вежба: случај „Петко“**.

**Трета вежба:**

Изготвување спогодба во малолетнички спорови, во согласност со ЗМП, врз основа на сценариото од **вежба: случај „Сашо“.**

**Четврта вежба**

Писмена изјава на медијаторот за завршување на постапката за медијација (предвремено) и изготвување на известување до надлежниот орган од страна на медијаторот за начинот на завршување на постапката.

Подолу во Прирачникот ќе наведеме прилози на теркови за запирање на постапката за медијација и известување на надлежни органи.



## 9.7. ПРИЛОГ НА ТЕРКОВИ

Форми на теркови за запирање на постапка за медијација и известување на надлежните органи

**Терк бр. 1**

**Писмена изјава на медијаторот**
(во согласност со чл. 21, ст. 1, алинеа 2 и чл. 22, ст. 5 од ЗМ)

**До страната, односно надлежен орган**

**Предмет:** писмена изјава на медијаторот

Во врска со предметот за медијација бр.________од_____________2012 година

**Кој се однесува на:**
Страна А________________________________од Скопје, ул.________________бр._____
Страна Б________________________________од Скопје, ул.________________бр._____

Страната А и страната Б во овој предмет не се согласуваат околу спорните прашања кои се основни за решавање на овој спор, во постапката на медијација, па затоа медијаторот откако ја изврши консултацијата со двете страни и утврди дека не се оправдани натамошни обиди за медијација, во согласност со чл. 21, ст. 1 од ЗМ, ја дава оваа писмена изјава за запирање на натамошната постапка за медијација.

Скопје,_____________2012 година
Медијатор,

## Терк бр. 2

**Писмена изјава на странките**
(во согласност со чл. 21, ст.1 алинеа 3 и чл. 21, ст.1, алинеа 4 од ЗМ)

**До медијаторот**

**Предмет:** писмена изјава на страните

Во врска со предметот за медијација бр.__________од__________________2012 година

**Кој се однесува на:**
Страна А______________________________од Скопје, ул._________________бр._____
Страна Б______________________________од Скопје, ул._________________бр._____

Едната страна, (односно двете страни) со оваа писмена изјава во врска со овој предмет, изјавува дека не се согласува со понатамошната постапка за медијација, односно бара таа да заврши.

Скопје,____________2012 година Страни (односно страна)



## Терк бр. 3

**Писмено известување од медијаторот,**
**односно барање за продолжување на постапката од страните**
(во согласност со чл. 203, ст. 2 од ЗПП, в. в. со чл. 21 од ЗМ)

**До Судот (парничен-граѓански)**

**Предмет:** писмено известување од медијаторот,
односно барање за продолжување на постапката од страните

Во врска со предметот за медијација бр.__________од__________________2012 година

**Кој се однесува на:**
Страна А______________________________од Скопје, ул.________________бр._____
Страна Б_______________________________од Скопје, ул.________________бр._____

Медијаторот во овој предмет, во согласност со чл. 21 од ЗМ, а во врска со чл. 203 од ЗПП, ве известува дека (дава писмена изјава) понатамошната постапка за медијација ја запира.

(Односно страните бараат продолжување на постапката пред Парничниот суд).

Скопје,__________2012 година
Медијатор,

**Алтернатива:**
Доколку ниту медијаторот ниту страните не го сторат горенаведеното, по истекот на 45 дена, тогаш во согласност со ЗПП, Судот по службена должност ја продолжува судската постапка.

## Терк бр. 4.

**Писмено известување и решение од медијаторот**
(во согласност со чл. 495, ст. 2, точка 4 од ЗКП и чл. 21 од ЗМ)

**До Судот (кривичен спор)**

**Предмет:** писмено известување и решение од медијаторот

Во врска со предметот за медијација бр.__________од__________________2012 година
**Кој се однесува на:**
Страна А________________________________од Скопје, ул._________________бр._____
Страна Б________________________________од Скопје, ул._________________бр._____
Медијаторот во овој предмет, во согласност со чл. 21 од ЗМ, а во врска со чл. 495 од ЗКП, донесува решение за запирање на постапката.

Скопје,__________2012 година
Медијатор,



## Терк бр. 5

**Писмено известување од медијаторот**
(во согласност со чл. 77 од ЗМП )

**До ОЈО, односно Судот за малолетници**

**Предмет:** писмено известување од Медијаторот
Во врска со предметот за медијација бр.__________од__________________2012 година

**Кој се однесува на:**
Страна А________________________________од Скопје, ул.________________бр._____
Страна Б________________________________од Скопје, ул.________________бр._____

Медијаторот во овој предмет, во согласност со чл. 77 од ЗМП, донесува известување за запирање на постапката.

Скопје,__________2012 година
Медијатор,

## Терк бр. 6

**Писмено известување од медијаторот (решение за запирање на постапката)**
(во согласност со чл. 77, ст. 3 од ЗМП, а во врска со чл. 495, ст. 2, т. 4 од ЗКП)

**До ОЈО, односно Судот за малолетници**

**Предмет:** писмено известување и решение од медијаторот

Во врска со предметот за медијација бр.__________од__________________2012 година

**Кој се однесува на:**
Страна А_______________________________од Скопје, ул._________________бр._____
Страна Б_________________________________од Скопје, ул._________________бр._____

Медијаторот во овој предмет, во согласност со чл. 77, ст. 3 од ЗМП, а во врска со чл. 495 од ЗКП, донесува известување (решение) за запирање на постапката.

Скопје,_____________2012 година
Медијатор,



## Терк бр. 7

**Писмена изјава од страните**
(во согласност со чл. 77, ст. 2 од ЗМП)

**До медијаторот**

**Предмет:** писмена изјава од страните

Во врска со предметот за медијација бр.__________од__________________2012 година

**Кој се однесува на:**
Страна А_________________________________од Скопје, ул._________________бр._____
Страна Б_________________________________од Скопје, ул._________________бр.____

Страната, односно страните, писмено изјавуваат дека во согласност со чл. 77, ст. 2 од ЗМП, се повлекуваат од постапката за медијација.

Скопје,___________2012 година
Страна (односно страни)

## Терк бр. 8

**Писмена изјава од страните**
(во согласност чл. 495, ст. 2, т. 3 од ЗКП)

**До медијаторот**
**Предмет:** писмена изјава од страните

Во врска со предметот за медијација бр.__________од__________________2012 година

**Кој се однесува на:**
Страна А________________________________од Скопје, ул.________________бр._____
Страна Б________________________________од Скопје, ул.________________бр._____
Страната, односно страните писмено, изјавуваат дека во согласност со чл. 495, ст. 2, т. 3 од ЗКП, се повлекуваат од постапката за медијација.

Скопје,___________2012 година
Страна (односно страни)

**ПРИЛОГ** бр. 1. на пример на Спогодба од практиката за медијација (солемизирана на нотар) и Анекс на истата Спогодба

**1. СПОГОДБА бр. 1/2011**

ВО ПОСТАПКА ЗА МЕДИЈАЦИЈА

**М Е Д И Ј А Т О Р: З. П. Б. од Скопје, ул. П. А. бр. 27/2-10**

**Вид на спорот: работен спор – надомест на плати и придонеси**

**Вредност на спорот : 5.000.000,00 ден.**

**СТРАНИ ВО ПОСТАПКАТА:**

**СТРАНА А**:

ДОО СКОПЈЕ

Ул. бб, Скопје

Застапувано и претставувано од Управителот на друштвото

Ул. бр. 5а/1, Скопје, ЕМБГ:

**СТРАНА Б**:

1. Ј. К. ЕМБГ:

Ул. бр. Скопје

................................................

18. Ш. Л. ЕМБГ:

Ул. бр. Скопје

На ден 15.9.2011 година, во 10 часот, во малата сала на Социјалистичката партија, пристигнаа сите горенаведени страни (страна А и страна Б), по претходниот договор со медијаторот ______________, и заеднички побараа да започне постапката за медијација во врска со решавање на нивниот спор.

Претходно, медијаторот имаше две поединечни средби со странаата А и странаата Б, и тоа подготвителните средби траеја два часа (со секоја од страните по еден час).

На почетокот од третата сесија, кога сите страни во спорот, во согласност со член 13, од Законот за медијација, изразија согласност дека ќе учествуваат во постапката, медијаторот _________________, во согласност со член 17, став 1 од Законот за медијација, сите страни кои учествуваа во постапката ги запозна со начелата (принципите), правилата, како и трошоците на постапката за медијација.

Странаата А и Странаата Б заеднички се договорија за следното :

- Во постапката за медијација доброволно да соработуваат и меѓусебно да се почитуваат .

- Прифаќаат да се применуваат принципите и правилата предвидени (дефинирани) со Законот за медијација.
- Да побараат, во согласност со член 22, ст. 1 од Законот за медијација, медијаторот да ја изготви предлог-спогодбата.
- Доколку постигнат спогодба, во согласност со член 22, став 3 од Законот за медијација, на истата спогодба да ѝ дадат сила на извршна исправа со солемнизација на нејзината содржина кај нотар.

Страната А (управителот) го изложи предметот на спорот и истакна дека се работи за спор од работен однос и тоа долг, по основ на неисплатени плати и законски придонеси (на тие плати), кон страната Б (18 работници кај страната А). Понатаму, страната А попрецизно истакна дека долгот се состои од 7 неисплатени плати, како и законски придонеси за следниве месеци: XII/2010; III/2011; IV/2011; V/2011; VI/2011; VII/2011 и VIII/2011. Во вкупен износ за сите 18 вработени за плата во износ од ____________ден., а за придонеси, износ од __________ден или севкупно износ од ___________ден., потоа страната А (управителот) ги приложи потврдите со пресметки, поединечно за секој од 18 вработени (од страната Б), и тоа како што следи:

1. Ј. К.

За 7 месеци, бруто-плата: 485.096,00 ден., нето–плата: износ од 323.761,00 ден.

.................................

18. Ш. Л.

За 7 месеци, бруто-плата: 193.829,00 ден., нето–плата: износ од 132.400,00 ден.

Страната Б, односно секој поединечно од 18 присутни вработени, треба да изнесе дека пресметките се точни и се согласува со нив, но вработените побараа страната А за горенаведените суми да им исплати и законска камата, како и трошоци (за нотарот, медијацијата и др.).

По ова, страната А предложи дека е согласна да исплати само нето-плата на сите осумнаесет вработени од страната Б, и тоа во рок од 10 дена, а подоцна на сите да им ги уплати и законските придонеси, додека во никој случај не се сложува да прифати да исплати камата, ниту пак трошоци за нотарот и медијаторот.

По кратка меѓусебна консултација, сите осумнаесет вработени од страната Б едногласно се согласија и предложија дека прифаќаат да не им се исплати досегашната законска камата, како и сите подеднакво сами да ги сносат трошоците за нотарот и медијаторот.



Страната Б се изјасни дека тој предлог на страната А е коректен и дека го прифаќа во целост.

Потоа сите страни заедно, во согласност со член 22, став 2 од Законот за медијација, побараа од медијаторот, имајќи ги предвид горенаведените предлози на двете страни, да го изготви предлогот на спогодбата и да им го предочи на страните за да го разгледаат, а потоа своерачно да го потпишат.

По разгледување на изготвената предлог–спогодба, страната А и страната Б пристапија кон нејзино своерачно потпишување, а со тоа, во согласност со Законот за медијација, двете страни ја склучија следнава:

**С П О Г О Д Б А**

**СТРАНА А**: ДОО СКОПЈЕ (Ул. бб Скопје) со ж. с-ка: ____________во Банка ______________се согласува и се обврзува, дека на име долг за неисплатени нето-плати за 7 месеци (XII/2010; III/2011; IV/2011; V/2011; VI/2011; VII/2011 и VIII/2011), во вкупен износ од __________ денари и ќе им исплати на неговите вработени – **СТРАНА Б** и тоа на следниов начин:

1. Ј. К. ЕМБГ:
Ул. бр. 6 Скопје
износ од 323.761,00 ден.

...................................

18. Ш. Л. ЕМБГ:
Ул. Скопје
износ: 132.400,00 ден.

СТРАНАТА А се обврзува со исплатата, на горенаведените нето-плати на сите горенаведени 18 вработени (страната Б), да им уплати законски придонеси, во согласност со направените пресметки и тоа за сите заедно во вкупен износ од ____________ денари.

СТРАНАТА Б се обврзува и се согласува дека трошоците (нотарски и за медијацијата) ќе паднат на нејзин товар, односно на подеднаков дел за сите 18 вработени од страната Б. СТРАНАТА Б (18 вработени) се откажуваат само од законската камата за периодот од денот на настанување на законската обврска за камата, па до денот на потпишување на оваа спогодба.

СТРАНАТА А се обврзува дека исплатата на долгот (по основ на неисплатени плати за 7 месеци) за сите 18 вработени (од страната Б), ќе ја изврши доброволно во рок од 10 (десет) дена од денот на потпишување на спогодбата, и тоа најдоцна до 26.9.2011 год.

Доколку до 26.9.2011 год. страната А не ги изврши претходно преземените обврски, таа се согласува дека оваа спогодба претставува Извршен наслов, и

со спогодбата СТРАНАТА Б ќе може да спроведе, во согласност со Законот за извршување, присилно извршување преку надлежен Извршител.
Двете СТРАНИ (странaта А и Б ) се согласија, во согласност со член 22 од Законот за медијација, а во врска со Законот за нотарски работи, содржината на оваа спогодба да се солемнизира кај нотар, со што таа станува извршна исправа со сила на извршен наслов.

Скопје, ___________ 2011 год.

С Т Р А Н И:

СТРАНА **А**
СТРАНА **Б**
________________ ДОО СКОПЈЕ

1. Ј. К. ____________
Управителот на друштвото
....................................
М.П.
18. Ш. Л.____________

М Е Д И Ј А Т О Р
З. П. – Б.
__________________
М. П.



## 2. АНЕКС НА СПОГОДБАТА 2/2011

**М Е Д И Ј А Т О Р: З. П. Б. од Скопје, ул. П. А. бр. 27/2-10**
**Вид на спорот: работен спор – надомест на плати и придонеси**
**Вредност на спорот: 5.000.000,00 ден.**
**С Т Р А Н И ВО ПОСТАПКАТА**
**СТРАНА А**:________________________ ДОО СКОПЈЕ

Ул. бб Скопје

Застапувано и претставувано од Управителот на друштвото

Ул. бр. 5а/1 Скопје ЕМБГ:

**СТРАНА Б** :

1. Ј. К. ЕМБГ:

Ул. бр. Скопје

...............................................

18. Ш. Л. ЕМБГ:

Ул. бр. Скопје

На ден 29.9.2011 година, кај Медијаторот____________ пристапија странаta А и страната Б, учесници во Спогодбата во постапката за медијација бр. 2/11 од 15.9.2011 година, и по кус разговор двете страни заедно се согласија да направат Анекс на Спогодбата (бр. 2/11 од 15.9.2011 година), и тоа со следнава содржина:

1. Во спогодбата на почетокот се додава нов став, кој ќе биде став 1, и тој гласи: страна А ________________________________ ДОО Скопје се обврзува дека на страната Б (18 вработени) ќе ѝ исплати вкупно : 5.736.685,00 денари, на име бруто-плати за седум месеци (законски придонеси во вкупен износ од: 1.940.709,00 денари и нето-плати во вкупен износ од: 3.975.976,00 денари).
2. Во спогодбата во ставот 1 (кој сега станува став 2), наместо износот од: 3.971.976,00 денари, ќе стои износот од: 3.975.976,00 денари.
3. Во спогодбата во ставот 2 (кој сега станува став 3) се менува целиот став и тој гласи: страната А се обврзува дека на страната Б, првенствено ќе ѝ ги исплати законските придонеси во вкупен износ од: 1.940.709,00 денари, кои треба да бидат уплатени, во согласност со

важечките законски прописи, и тоа на сите 18 вработени како што следи:

1. Ј. К. ЕМБГ: ____________________

Ул. ________________ бр.6 Скопје

износ од 521.220,00 ден.

..........................................................................................

18. Ш. Л. ЕМБГ

_____________________ Ул.

________________ бр.59 Скопје

износ од 132.400,00 ден.

Скопје, ___________ 2011 год.

С Т Р А Н И:

СТРАНА А

СТРАНА Б

________________ ДОО СКОПЈЕ

1. Ј. К. ____________

Управителот на друштвото

..........................

М.П

18. Ш. Л.__________

М Е Д И Ј А Т О Р

Медијатор______________

___________________

М.П.



## Користена литература


Ајдуковиќ М., Печник Н., (1993), Ненасилно рјешавање сукоба. Алинеа-Загреб.

Глас Л., (2004), Знам што мислиш. Силсон-Скопје.

Големан Д. (2006), Емоционална интелигенција, Народна и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје.

ИФЦ, (2007), Алманах за медијација.

Јанковиќ Ј., (1994), Сукоб или сарадња. Алинеа-Загреб.

Закон за малолетничка правда, „Службен весник“ на РМ, бр. 87/2007.

Закон за кривична постапка, „Службен весник“ на РМ, бр. 150/2010.

Закон за медијација (пречистен текст), „Службен весник“ на РМ, бр.138 од 17.11.2009.

Закон за парнична постапка, „Службен весник“ на РМ, бр. 7/2011.

Закон за Облигациски односи, „Службен весник“ на РМ, бр. 18/2001.

Милутиновиќ Љ. и други. ПРИРАЧНИК ЗА ОБУКА НА МЕДИЈАТОРИ.

Петковиќ З. Бакли и Петковиќ Р., (2012), ПРАКТИКУМ ЗА МЕДИЈАЦИЈА.

Петковиќ З. Бакли и други., (2010), ПРИРАЧНИК ЗА ОБУКА НА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ (за медијација).

П. Бешка В., (1995), Конфликти - што претставуваат и како се разрешуваат, Филозофски факултет, Скопје.

*Издавач:*
Институт за европска политика - Скопје
Дебарца 6, 1000 Скопје, Република Македонија
Тел:+389(2)6145130
Факс:+389(2)6145120
www.epi.org.mk

*За издавачот:* д-р Малинка Ристевска Јорданова, директор

Лектура и коректура: Елена Цуцулоска

Дизајн и печат: Графосет - Скопје

Тираж: 100